МЕПСО

27.12.2017

15-114/13

До

Државен завод за ревизија на РМ

Скопје

Предмет: Забелешки

Почитувани,

Сашо Т. Василевски , Директор за финансиски работи во АД „МЕПСО" во периодот од 01.02.2014 до 05.08.2017 година ви доставува забелешки по вашиот **НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ** за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Оператор на електропреносниот систем на Македонија за пренос на електрична енергија и управување на електроенергетскиот систем во државна сопственост.

Скопје,21.12.2017

Подносител,

Сашо Т.Василевски

1. **Наод 4.3.1 на Стр. 15 и 16**

Врска НАОД-от на тимот на ДЗР за пописниот елаборат за извршениот годинешен попис на сретства, обврски и побарувања со состојба на 31.12.2016 и изведените 7 (седум) препораки.

АД МЕПСО во Одлуката УО бр. 02-7227/4 од 24.11.2017 г. за измена и дополна на Одлуката за формирање на пописните комисии УО бр. 02-5413 од 18.10.2017 година , со цел почитување на препораки на ДЗР и инплементација на истите, во самата Одлука ги инплементира првата, втората, третата и петтата препорака, четвртата ќе ја инплементира по усвојување на годишниот елаборат за 2017 година , а последните две препораки ќе ги испочитува доколку пописните комисии во пописот за 2017 констатираат основни средства кои ќе бидат предмет на расходување и доколку констатираат основни средства за расход кои немаат употребна вредност.

Од елаборираните причини во претходниот став , сметаме дека НАОДИ-те во врска пописниот елаборат за 2016 година не треба да стојат во Извештајот за извршената ревизија и истите во крајна линија би можеле да бидат дел од Писмото до раководството.

2. **Наод 4.3.4. Страна 23**

**ДЗР**- за дел од евидентираните средства кои се ставени во употреба, не е обезбедена комплетна и авторизирана документација ( авторизирани и одобрени колаудациски записници ), точни и прецизни податоци за износот на поединечните позиции на средства и резервни делови, од кои е составена инвестицијата, ниту одобрение за нејзино ставање во употреба.

**Коментар**

- Сите изготвени и доставени колаудациски записници во Секторот за финансиски работи– записници за активирање на инвестициите во тек во основни средства, се авторизирани од Комисиите кои се назначени од Управниот одбор на АД МЕПСО и истите се презентирани на ДЗР. Во записниците износите се искажани поединечно и збирно- доколку не би било така, истите позиции не би можеле да се активираат во апликацијата на основни средства каде средствата се водат поединечно по вид, количина,вредност. Одобрение – Одлука за ставање во употреба од Управниот одбор на АД МЕПСО нема поради фактот што коладациските записници се доставуваа исклучиво за нивно информирање.

**ДЗР** - поради воспоставениот начин на водење на сметководствената евиденција, Друштвото нема целосни податоци за евидентираните инвестиции во тек за кои проекти се однесуваат и од кој перид се.

**Коментар**

- Во Друштвото , поточно во сметководствената евиденција на конто 0161, и тоа аналитички точно по назив и вредност се водат сите инвестиции во тек а почетното салдо точно покажува од која година е започната соодветната инвестиција.

3. Во врска со **Вашата забелешка од точка 4.4.1 алинеја 1** дека Огласот во Службено гласило на ЕУ за седум постапки е објавен подоцна од огласот во ЕСЈН, укажуваме дека во Законот за јавни набавки никаде не е предвиден рокот за објавување во службено гласило на ЕУ.
   Во врска со вашата констатација дека сме го прекршиле членот 2 од ЗЈН, односно сме им оставиле помал рок за поднесување на понудите, напоменуваме дека сајтот на Бирото за јавни набавки е достапен за сите без разлика дали се домашни или странски економски оператори. Воедно доколку некој економски оператор се информирал од службеното гласило на ЕУ и смета дека времето за поднесување на понуда е кратко можел да побара продожување на рокот.
   Информираме дека за сите овие огласи сме дале рок за доставување на понудите подолг од законскиот минимум.
   Временската разлика во објавувањето се јавува од технички причини односно потребно е време да се обезбеди лице - преведувач кој поседува меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик со најмалку Ц1 ниво или еквивалентно и истото да даде изјава со која го потврдува преводот.

4. Во врска со **вашата забелешка од точка 4.4.1 алинеја 2**, дека во дел од тендерските документации од спроведените постапки за јавни набавки, наведени се критериуми за докажување на економска и финансиска и техничка и професионална способност, кои не се предвидени во член 150 и член 153 став 2 од ЗЈН. Укажуваме дека во Вашата табела прилог број 4, веројатно по грешка, не се наведени доказите, туку ги имате наведено минималните услови кои треба да ги исполнат економските оператори кои согласно „Правилникот за содржината на тендерската документација„ (Службен весник бр.19 од 06.02.2008 година), мора да ги содржи секоја тендерска документација, врз основа на што е изработен и моделот на тендерска документација од Бирото за јавни набавки.
   2.1. За набавка на "Надзор на Изградба на далекувод ДВ 110 kV Скопје 1 – Југохром – Тетово 1." бр. 9/2015 во точка 2.5.1 од Тендерската документација минимален услов е:
   "*Да има вршено надзор на изградба на далеководи или изведба на далеководи со напонско ниво од 110 kV или повисоко напонско ниво и најмалку 2 (два) реализирани договори во последните 5 (пет) години, и да има извршено надзор при изградба или изведба на 110/х кV или 400/110 кV трафостаница (ДВ или ТР полиња) од најмалку 1 (еден) реализиран договор во последните 5 (пет) години*" (во вашиот Прилог бр.4 наведен како доказ)
   Како доказ во Тендерската документација во точка 2.5.2 се бара:

*"Референтна листа за извршен надзор на изградба на далеководи или изведба на далеководи со напонско ниво од 110 kV или повисоко напонско ниво за најмалку 2 (два) реализирани договори во последните 5 (пет) години и за извршен надзор при изградба или изведба на 110/x кV или 400/110 кV трафостаница (ДВ или ТР полиња) за најмалку 1 (еден) реализиран договор во последните 5 (пет) години и за тоа да обезбеди потврди за извршени услуги издадени од примателите или, доколку такви потврди не можат да се обезбедат од причини вон контрола на економскиот оператор, само со негова изјава за извршени услуги."*

Од горенаведеното, може да се утврди дека доказот наведен во тендерската документација е согласно член 153 став 2 алинеја 1, имено со ваквата формулација е извршено допрецизирање на видот на услугите кои рефернтната листа потребно е да ги содржи. Ова од причина, што во Република Македонија ретко се изведуваат вакви објекти, а со тоа и се врши надзор на истите. Воедно, заради обезбедување на поголема конкурентност зголемен е и периодот во кој треба да се реализирани услугите, па така наместо три години, зголемено е на пет години.

2.2.За набавка на "Осигурување на имот и вработените во АД МЕПСО за три (3) осигурителни години " бр. 11/2016 во точка 2.5.1 од Тендерската документација минимален услов е:

*"Најмалку три склучени договори, секој од нив со полисирана премија од најмалку 12.300.000,00 денари (200.000,00 евра) за осигурувања на имот и/или вработени во последните три години (2015, 2014, 2013 година) со правни субјекти кои согласно Законот за трговски друштва се класифицирани за големи трговци.„*

А како доказ во Тендерската документација во точка 2.5.2 се бара:

*"Листа на склучени договори со големи правни субјекти, со наведени: вредности, датуми (2015, 2014, 2013 година), купувачи со нивен единствен матичен број (ЕМБС), со доставување на потврда за квалитетно извршени услуги издадени од примателите.*

Од погоре наведеното може да се види дека доказот наведен во тендерската документација е во согласност со член 153 став 2 алинеја 1, имено со ваквата формулација е извршено допрецизирање, заради поголема транспарентност при оценувањето на економските оператори во однос на тоа дали ги исполнуваат бараните минимални услови.

2.3.За набавка на "Осигурување на имот и вработените во АД МЕПСО за три (3) осигурителни години " бр. 176/2012 во точка 2.5.1 од Тендерската документација минимални услови се:

*"Најмалку три склучени договори, секој од нив со полисирана премија од најмалку 200.000,00 евра за осигурувања на имот и/или вработени во последните три години (односно во 2010, 2011 и 2012 година) со правни субјекти кои согласно Законот за трговски друштва се класифицирани за големи трговци.„*

- *„Да не се појавило раскинување на договор за услуги за осигурување на имот и опрема, помеѓу економски оператор со договорен орган, во период од една година (2012 година) пред рокот за поднесување на понудата.„*

- А како доказ во Тендерската документација во точка 2.5.2 се бара:

*„Листа на склучени договори со големи правни субјекти, со наведени: вредности, датуми (2010, 2011 и 2012 година), купувачи со нивен единствен матичен број (ЕМБ), со доставување на потврда за квалитетно извршени услуги издадени од примателите.„*

- *„Изјава дека не се појавило раскинување на договор за услуги за осигурување на имот и опрема, помеѓу економски оператор со договорен орган, во период од една година пред рокот за поднесување на понудата (2012 година), заверена кај нотар.„*

Од горенаведеното може да се види дека доказот наведен во тендерската документација е во согласност со член 153 став 2 алинеја 1, имено со ваквата формулација е извршено допрецизирање, заради поголема

транспарентност при оценувањето на економските оператори во однос на тоа дали ги исполнуваат бараните минимални услови.

Воедно информираме дека изјавата е побарана во период кога во Законот за јавни набавки нема предвидено негативна листа како заштита од несовесни понудувачи. Во овој период имавме склучено договор за истата набавка и во самиот почеток на неговата реализација ни беше раскинат од Носителот на набавката со кој се отпочна и судски спор. Бидејќи постоеше голема веројатност истиот понудувач повторно да учествува на новиот тендерот и можност повторно да го раскине договорот, а АД МЕПСО да остане без осигурување, беше побарана оваа изјава.

2.4 За набавка на "Услуги мобилна телефонија" бр. 14/2014 во точка 2.4.1 и 2.4.2 од Тендерската документација минимални услови се:

*„2.4.1.Вкупните приходи на понудувачот во последните три финансиски години кумулативно треба да бидат најмалку 570.000,00 евра."*

*„2.4.2 Доколку економскиот оператор ја врши дејноста во период помал од три години, минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба е економскиот оператор да го остварил условот од подточка 2.4.1 во годините за кои постојат податоци."*

- А како доказ во Тендерската документација се бара:

*„2.4.3 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималниот услов од потточка 2.4.1 или 2.4.2 со доставување на:*

*- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех заверен од надлежен орган за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации.*

*2.4.4 Доколку билансите на состојба и успех биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор може да ги достави истите како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба без да бидат дополнително заверени од надлежен орган.*

*2.4.5 Доколку билансите на состојба и успех не биле предмет на комерцијална ревизија, економскиот оператор ги доставува истите заверени, односно издадени од надлежен орган како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба. Надлежен орган во Р. Македонија е Централниот регистар на Република Македонија.„*

Од погоре наведеното може да се види дека доказот наведен во тендерската документација е во согласност со член 150 од Законот за јавни набавки

5. **Вашата забелешка од точка 4.4.2** дека е склучен договор за Осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО сметаме дека не треба да стои во вашиот извештај, од причини што:

- Не постои законска пречка да се склучат повеќегодишни договори. Имено, договорите за осигурување ги склучуваме на три години од економски причини, како би можеле понудувачите да го распоредат ризикот во повеќе години, а со тоа ние како Договорен орган добиваме пониска цена и бонуси.
- Со склучување на ваквите договори сметаме дека не е извршена повреда на членовите 2 и 165 од ЗЈН. Основ за склучување на договорот е финансиската понуда на понудувачот во делот на премиската стапка, која е пропорционално намалена согласно висината на намалување на вредноста на понудата по електронската аукција. Само премиската стапка може да биде фиксна односно да не се менува за цело времетраење на договорот.

Сумата на осигурување - Вредноста на имотот на компанијата се менува континуирано во текот на траењето на осигурувањето со стекнатите подвижни имоти, извршени адаптации, доградби, со градење нови објекти, набавка на нови возила и сл. Доколку, договорот се склучи на постигната вредност по електронската аукција за целиот новонабавен/активиран недвижен и движен имот, треба да се спроведуваат постапи за јавни набавки. Постапите можат да се отпочинат најрано во моментот на активирање/набавка на новиот имотот, за целиот период, што укажува дека од денот на активирање/набавка до склучување на договор по спроведената постапка имотот нема да биде осигуран. Сето ова може да го доведе во ризик функционирањето на компанијата, а воедно ќе се доведеме во опасност да не бидеме во можност да ги исполниме обврските предвидени во Лиценцата за вршење на енергетска дејност - пренос на електрична енергија.
Воедно, укажуваме дека вкупната вредност на овој договор е планираната вредност на Договорниот орган за набавка на овој вид на услуги, за утврдениот период на осигурување. Вкупната вредност на договорот е само рамка, односно горна граница на средства кои можат да се искористат по однос на овој договор. Должничко доверителски однос помеѓу договорните страни, настанува со потпишување на полисите. Полисите се изготвуваат на тој начин што, моменталната сума на осигурување се множи со договорената премиска стапка (единствено фиксна) и се добива полисирана премија односно вредност за плаќање за таа полиса.

## 6. Наод 4.4.5 на Стр. 32

Врска НАОД-от на тимот на ДЗР дека одредени одредби од Колективниот договор склучен на 31.10.2013 година не кореспондираат со важечките законски прописи, односно истите даваат поголеми права од правата уредени со подделни закиони и тоа особено во делот на исплатен регрес за годишен одмор и отпремнините за заминување во пензија.

Регресот за годишен одмор во постоечкиот Колективни договор склучен на 31.10.2013 година е регулиран во член 98 и гласи , цитираме „ За деновите поминати на годишен одмор работникот добива регрес за годишен одмор во висина од една просечно исплатена месечно нето плата во Република Македонија во последните три месеци . Управниот одбор може да донесе одлука за неисплаќање на регрес во случај на прикажана загубаво претходната година " и истиот кореспондира со член 12 точка (3) од Законот за работни односи (Службен весник на РМ, бр 167) и гласи , цитираме: „ Со договорот за вработување , односно со колективен договор може да се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој закон".

Отпремнините за одење во пензија во постоечкиот Колективни договор склучен на 31.10.2013 година е регулиран во член 97 и гласи , цитираме „ Работникот има право на отпремнина при заминување во пензија во износ од 3 просечни плати исплатени во Друштвото во претходните три месеци.

Ако работникот имал над 20 години работен стаж во Друштвото му се исплатува отпремнина при замунување во пензија во износ од 4 просечни месечни плати исплатени во Друштвото во претходните три месеци. Ако работникот имал над 25 години работен стаж во Друштвото му се исплатува отпремнина при замунување во пензија во износ од 5 просечни месечни плати исплатени во Друштвото во претходните три месеци. Правото од ставот 1 на овој член го има и работник на кого работниот однос ќе му престане по сила на закон поради губење на работната способност" и истиот кореспондира со член 113 точка (2) од Законот за работни односи (Службен весник на РМ, бр 167) и гласи , цитираме: „ Работникот има право на отпремнина при одење во пензија како и јубилејни награди" и со член 113 точка (2) од Законот за работни односи (Службен весник на РМ, бр 167) и гласи , цитираме: „ Висината, основицата, и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и колективен договор".

Од елаборираните причини сметаме дека НАОДИ-те во врска исплатата на регресот за годишни одмори и отпремнинте за одење во пензија не треба да стојат во Извештајот за извршената ревизиј.

**7. Наод 4.4.6 на Стр. 34**

Врска Одлуката на Надзорниот одбор (НО) на АД МЕПСО донесена на ден 28.03.2016 година со која репрезентацијата за угостителските услуги за членовите на Управниот одбор (УО) на АД МЕПСО се укинува, со давање можност при организирање на поголеми настани, одобрување во користење на репрезентација на членовите на УО на АД МЕПСО да даде Генералниот директор на АД МЕПСО , и изведениот НАОД на тимот на ДЗР дека во Трговските книги на Друштвото искажани се трошоци во износ од 1.858 илјади денариза кои не се приложени докази за одобрување на на правото за репрезентација и дека нема целосни и конктретни податоци дали направените трошоци се направени за намените кои се утврдени со Одлуката на НО на АД МЕПСО.

Сметаме дека наведениот НАОД не треба да стои во Извештајот за извршената ревизија и предлагаме дека истиот може да биде дел од Писмото до раководството од следните причини:

Секој член на УО на АД МЕПСО од донесување на Одлуката на Надзорниот одбор (НО) на АД МЕПСО на ден 28.03.2016 година секогаш уредно на директен начин (по усен пат) го информирале Генералниот директор на АД МЕПСО и Претседавач на АД МЕПСО и после добиената дозвола за репрезентација ги правеле наведените трошоци . Доказ за уредното информирање на Генералниот директор на АД МЕПСО и Претседавач на АД МЕПСО е и ВИРМАНСКИОТ НАЛОГ за плаќање на трошоците за репрезентација стои и потписот на Генералниот директор на АД МЕПСО и Претседавач на АД МЕПСО.

22.12.2017

15-114/11

До Државен завод за ревизија

Предмет: Коментари на Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 год. на МЕПСО АД

Во врска со точка 4.1.1. од нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 год. на МЕПСО АД бр. 15-114/4 ги доставуваме следните забелешки со прилози соодветна дополнително доставена документација.

Годишната инвестициона програма, Годишниот план за јавни набавки и Годишниот план за работа ги содржат активностите за развој и функционирање на Друштвото.

Повеќето наоди се однесуваат на ИТ систем како целина без да се земе во предвид структурата и функцијата на Друштвото. Потребно е да се наведе дека наодите се однесуваат на затекната состојба во известувачкиот период.

За да ги извршува деловните операции дефинирани во лиценците издадени од Регулаторна комисија за енергетика (наведени во нацрт извештајот на овластениот државен ревизор во воведот на делот "Образложенија кон финансиските извештаи") МЕПСО е организиран во три подружници. Трите подружници сите деловни операции ги координираат со Дирекцијата на МЕПСО во чии рамки работат и три сектори.

Структурално МЕПСО е организиран во дирекција, три подружници и три сектори.

1. Подружница ОЕПС – Оператор на електропреносени систем и нејзина задача е да го управува системот и да обезбеди хармоничен однос меѓу потрошувачите и производителите на електрична енергија (домашно производство и увоз).
2. Подружница ОПМ – Оператор на преносна мрежа и нејзина задача е да се грижи далноводите, трафостаниците и трансформаторите и другите постројки да бидат во беспрекорна состојба која овозможува редовен и навремен ток на електричната енергија.
3. Подружница ОПЕЕ - Оператор на пазар на електрична енергија задложена за организација на Пазарот на електрична енергија во Републбика Македонија

За логистичка поддршка на трите подружници во структурата на МЕПСО фукционираат и Секторот за Информатичка технологија и Телекомуникации, Секторот за правни и општи работи и Секторот за финансиски работи.

Во Секторот за ИТ и ТК постои Backup Plan за БИС системот даден во прилог. На 27.03.2012 година со одлука од управен одбор усвоени се политики и процедури за Информатичка технологија и телекомуникации (дадени во прилог) и истите се објавени во Public folder на компанискиот мејл систем.

Во делот "-Користење на апликации за архивско работење и водење на трговските книги" во третиот наод каде наведувате "...во Друштвото постои имплементиран и функционален документ менаџмент систем, неговото некористење дополнително ја отежнува целата комуникација..." потребно е да се допрецизира дека е затекната состојба во известувачкиот период бидејќи системот активно се користеше (во прилог print screen од MS Outlook).

Во врска со точка 4.3.3. од нацрт извештајот на овластениот државен ревизор ги доставуваме следните забелешки со прилози соодветна дополнително доставена документација.

Во третиот наод наведувате ".. во текот на наредните три години (2013, 2014 и 2015 година) вработените од Секторот за финансиски работи со различен интензитет, паралелно работеле на новиот и стариот информациски систем" потребно е да се надополни дека за истите секоја година се вршени усогласувања на податоците од стариот и новиот систем, доколку имало несогласувања немало да се продолжува со работа со системот по неусогласена предходна година, што значи системот е функционален. На барање на НО Секторот за финансии следниот извештај односно Биланс на состојба за третиот квартал да го достави со податоци од новиот систем и на прашање на состанок на УО бр 319 од 16.11.2015 год. до директорот на СФР дали извештајот ќе биде доставен со Билансот на состојба во бараната форма истиот изјави дека е постапено согласно барањето на Надзорниот Одбор и кон Извештајот бил даден и биланс на состојба, што потврдува дека системот функционира. Мора да се напомене и дека во Годишниот план за јавни набавки во 2016 од страна на Сектор за финансиски и комерцијални работи е планирана набавка за техничка поддршка за користење на БИС што исто така води до заклучок дека системот е функционален (прилог Доставување на извештај до Членови на Комисија по Заклучок на УО бр. 02-2664/6 од 22.04.2016 год, истиот доставен и до Управен одбор).

Во врска со горенаведените забелешки потребно е во делот Препорака:

- во првата препорака "утврдување на фактичката состојба и можноста од практична имплементација на информацискиот систем" зборовите "практична имплементација" бидејки не е соодветен да се замени со зборовите "користење",
- третата препорака "да ја утврди евентуалната одговорност на инволвираните лица" да се допрецизира дека се однесува на не користење на системот во 2016 год. односно во известувачкиот период.

Катерина Глигорова

Врз основа на член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, (објавен во Службен весник на Република Македонија бр.21 од 12.02.2008 година), Управниот Одбор на АД МЕПСО на својот 172-ри состанок, одржан на ден 27.03.2012 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. СЕ УСВОЈУВААТ Политиките и Процедурите за Информатичка технологија и телекомуникации по Предлог на Секторот за ИТ и ТК, бр.08-1430 од 05.03.2012 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**УО бр.02-1868/8**
**27.03.2012 година**

**Претседател на Управен Одбор,**
**Дејан Бошковски, дипл.маш.инж.**

# Политики и процедури за Информатичка технологија и Телекомуникации

## Политика: Информатички системи политики

Политика Цел:
Да ги претстави информациските систем политики за АД МЕПСО.

Политика Изјава:
Компанискиот информациски системи, податоци, компјутерски средства, кои вклучуваат, но не се ограничени на компјутери, компјутерски мрежи, печатари, и други слични парчиња опрема и/или системи, се сопственост на АД МЕПСО и се вредни компаниски средства. Лицата кои користат и кои имаат пристап до овие средства мора да преземат разумни и претпазливи чекори за да се зачува интегритетот на системите и нивните податоци и да ги заштити средствата. Овие средства треба да се користат за соодветни бизнис-функции.

Сите комуникации кои произлегуваат од АД МЕПСО или се пренесуваат во рамките на АД МЕПСО ќе бидат професионални бидејќи ја претставуваат компанијата, своите вработени, одборот на директори, како и оние поединци кои ги опслужува.

Политика Признание:
Пред употреба на податоци и телекомуникациски системи на АД МЕПСО, вработениот или компанија / индивидуалец ангажиран од страна на АД МЕПСО потребно е да ја прочита политиката на компанискиот информациски систем и да потпише потврда/изјава.

Политика насоки:
Компаниските информатички основни средства вклучуваат, но не се ограничени на хардвер, софтвер, и податоци кои ги сочинуваат клиент работните станици, локални мрежи, широк областни мрежи, и на телефон и други комуникациски системи. Сите информатички сервиси кои се превземаат мора да поминат низ процесот на потврда од групата за информатичка услуги, односно сите промени, измени, како и промени на компјутерските средства мора да бидат направени од страна на групата за информатички услуги.

Повреда на политиката или злоупотреба на компјутерските средства е предмет на дисциплинска постапка, вклучувајќи престанокот на работен однос. Непријавување на прекршувања во политиката само по себе претставува повреда во политика и затоа е предмет на дисциплинска постапка.

Права се задржани од Компанијата:
АД МЕПСО го задржува правото да ги следи, ревидира, изменува и дополнува, како што АД МЕПСО смета дека е потребно во согласност со деловната политика.

Политика: Физичка безбедност и безбедност на податоците

Политика Цел:

Да ја претстави политиката за физичка безбедност како и безбедноста на податоците за АД МЕСПО.

Политика Изјава:

Секој вработен или компанија/индивидуалец најмен од агенција за АД МЕСПО е одговорен за компаниските ресурси кои му се доверени. Одговорност и грижа треба да се применува за да се осигура безбедноста и интегритетот на овие компаниски ресурси, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на компаниските податоци и компаниските информациски системи.

Политика насоки:

Разумни и претпазливи чекори треба да се преземат за заштита на компаниските податоци и компаниските информациски системи. Во ниеден момент овие чекори не треба да бидат прекршени, заобиколени или одминати.

Секоја акција на прекршување, заобиколување или одминување на разумни и претпазливи чекори треба да се објави веднаш на менаџментот на АД МЕПСО. Непријавувањето на овие активности е повреда на политика и предмет на дисциплинска постапка.

Компаниските податоци и корпоративни информациски системи смеат да се користат со овластување од страна на извршниот менаџмент. Пристап до компаниските податоци и компаниските информациски системи треба да е во согласност со работната функција на поединецот.

* Процедурите за безбедноста на податоците и доверливоста на корисникот се неопходен и составен дел на политиките на информативниот систем и постапките што се следат. Овие процедури може да вклучуваат но не се ограничени на доделување на лозинки.

*Компаниските податоци мора да бидат заштитени од несовесни и намерна штета. Одстранување на овој недостаток е императив за непречено работење на АД МЕПСО. Групата за информатички услуги потребно е да развива, имплементира и да биде одговорна за резервни делови за системот со што се обезбедува безбедно и ефикасно работење на системот. Групата за информатички услуги исто така, ќе развива и имплементира анти-вирус протокол за цел да ги заштити податоците од софтвер кој може да го оштети или на друг начин корумпирани податоци на АД МЕПСО.

Права се задржани од Компанијата:

Компаниските податоци и компаниските информациски системи се компаниски ресурси и мора да се сметаат за приватни. АД МЕПСО го задржува правото да ја следи употребата на компаниските податоци и компаниските информациски системи како и да ја ревидира имплементацијата на политиката. Секое ширење неовластена употреба или добивање на корист од користењето на овие податоци може да резултира со превземање на дисциплински и/или правна постапка.

Политика: Сопственост на податоци

Политика Цел:

Да ја претстави политиката за сопственост на податоците за АД МЕСПО.

Политика Изјава:

Компанискиот информациски систем, податоците, компјутерските основни средства се сопственост на АД МЕСПО и се вредни комаписки средства. Сите компаниски податоци и компаниски информациски системи се во сопственост на АД МЕПСО. ИТ менаџерот ја превзема одговорноста за информациите за одржување на мрежата и другите централни ИТ системи, додека назначен персонал превзема одговорноста за податоците за одржување на компјутерските работни станици.

Политика насоки:

Информациони системи и сите податоци поврзани со истите се вредни комапниски средства и сопственост на АД МЕПСО. Информациони системи и податоци кои се пристапува на корисничката работна станица станува директна одговорност на корисникот.

Критични информацискии системи и нивните податоци треба да се чуваат како бекап. Информации зачувани на клиентските дискови е директна одговорност на поединецот.

Компаниските податоци и комапниските информациски системи смеат да се користат со овластување од страна на извршниот менаџмент. Пристап до компаниските податоци и комапнсиките информациски системи треба да е во согласност со работната функција на поединецот.

Права се задржани од Компанијата:

Компанискиот информациски систем, податоците, компјутерските основни средства се сопственост на АД МЕПСО и се вредни компаниски средства и не смеат да се сметаат за приватни. АД МЕПСО го задржува правото да ја следи употребата на компаниските податоци и компаниските информациски системи како и да ја ревидира имплементацијата на политиката.

Секое ширење, неовластена употреба, или добивање на корист од овој пристап може да резултира со превземање на дисциплинска постапка и/или правни дејства.

Политика: Интернет и интернет услуги

Политика Цел:

Да ја претстави политиката за употреба на Интернет и интернет услуги за АД МЕПСО.

Политика Изјава:

Интернет можат да се користи исклучиво за цели на АД МЕПСО и кои се директно применливи за работната функција на работникот и овластување.

Политика насоки:

Интернетот или интернет врската не треба да се користи за пренос на информации со кои се кршат на државни или законите за авторски права.

Интернет не смее да се користи за комерцијални цели надвор од оние кои се директно поврзани со или се во корист на АД МЕПСО.

Пристап до компаниските интернет сметки е ограничена само на оние кои се изрично овластен од страна на АД МЕПСО.

На интернет може да се пристапи само преку интернет сервис провајдер ангажиран од страна на АД МЕПСО. Пристапување на интернет преку друг начин освен преку она што е предвидено од АД МЕПСО е строго забрането.

Интернет не може да се користи за пристап до други системи за кои корисникот нема овластување.

Неовластено користењето на интернет мора да биде веднаш пријавен на менаџерскиот тим на АД МЕПСО. Непријавување неовластено користењето на интернет е повреда на компаниската политика и предмет на дисциплинска постапка.

Права се задржани од Компанијата:
Интернет-пристап овозможен од АД МЕПСО е компаниска предност, и не може да се користи за лична потреби. АД МЕПСО го задржува правото да го следи, ревидира и прегледува користењето на интернет. Секое ширење, неовластено користење или добивање на корист како резултат на тој пристап може да резултира со превземање на дисциплинска постапка и/или правна постапка.

**Политика: Електронска пошта**

Политика Цел:
Да ја претстави политиката за употребата на електронската пошта (е-пошта) за АД МЕПСО.

Политика Изјава:
Е-пошта е компаниска предност, и може да се користат исклучиво за цели кои има АД МЕПСО и од страна на овластени лица.

Политика насоки:
Е-пошта е комапниски ресурс и може да се користат исклучиво за цели кои директно се од корист на АД МЕПСО.

Е-пошта не може да се користи:

- праќање на информации, без претходна писмена согласност
- да се дистрибуираат материјал што противречи на политиката на АД МЕПСО,
- да се користи за приватни работа подалеку од она што е разумно и вообичаено во текот на работен ден.

Пристап до e-mail е ограничена само на оние кои се изрично овластен од страна на АД МЕПСО.

Неовластено користење на e-mail мора да биде веднаш пријавен на менаџерскиот тим на АД МЕПСО.

Непријавување неовластена употреба на e-mail е повреда на компаниската политика и предмет на дисциплинска постапка.

Права се задржани од Компанијата:
Компаниската Е-пошта не смее да се смета за приватна. АД МЕПСО го задржува правото да ги следи неговата примена и преглед на содржината на сите пораки и датотеки на e-mail системот. Секое ширење, неовластено користење или добивање на корист од овој пристап може да резултира со превземање на дисциплински постапки и/или правни дејства.

**Политика: Гласовна комуникациска опрема и говорна пошта**

Политика Цел:
Да ја претстави политиката за употребата на гласовната комуникациска опрема и гласовната пошта за АД МЕПСО.

Политика Изјава:
Гласовната комуникациска опрема и говорната пошта може да се користат исклучиво за цели на АД МЕПСО и кои се директно применливи за работната функција на работникот.

Политика насоки:
Системот на гласовна комуникациска опрема и гласовна пошта се компаниски ресурси и не треба да се смета за приватна. Употребата на оваа опрема е ограничена само на оние цели кои директно се од корист на АД МЕПСО. Гласовната комуникациска опрема вклучува, но не е ограничена на мобилните телефон,фиксни телефони, говорна пошта пораки, или радио.

Гласовната комуникациска опрема или говорната пошта систем нема да се користи:

- во кршење на државните закони,
- да пренесува корпоративни информации без изрична согласност од страна на менаџерскиот тим на АД МЕПСО
- да се дистрибуираат материјал и информации што противречи на политиката на АД МЕПСО,
- да се користи за лични потреби подалеку од она што е разумно и вообичаено во текот на работен ден.

Гласовната комуникациска опрема и гласовната пошта не смее да се користи за комерцијални цели освен оние што се одобрени или кои единствено се од корист на АД МЕПСО.

Пристап до гласовната комуникациска опрема и системите за говорна пошта е ограничен само на оние кои се изрично овластен од страна на АД МЕПСО.

Неовластената употреба на гласовната комуникациска опрема или говорната пошта мора да биде веднаш пријавена на менаџерскиот тим на АД МЕПСО.

Содржината ма гласовните комуникации и гласовната пошта мора да бидат професионални. Нестручно и несоодветно користење на говорна пошта, вклучувајќи но не ограничувајќи се на користење на неучтив, навредливи, етнички, малтретирачки или навредлив јазик, или клевети, принудни е строго забрането.

АД МЕПСО го задржува правото да ги следи употребата на гласовниот комуникациски системи и содржината на сите пораки и датотеки на системот за гласовна пошта.

Се очекува разумна употреба на companискиот гласовен комуникациски систем. Прекумерното или несовесно користење на гласовниот комуникациски систем може да резултира со губење на привилегиите или потешки дисциплински мерки.

Именикот со телефонски броеви се објавува само за внатрешна употреба.

Права се задржани од Компанијата:

Гласовната комуникациска опрема и гласовната пошта се компаниски основни средства и не смеат да се сметаат за приватни. АД МЕПСО го задржува правото да ја следи нивната употреба и преглед на содржината на сите пораки и датотеки на гласовна пошта. Секое ширење, неовластено користење или добивање на корист како резултат на тој пристап може да резултира со превземање на дисциплинска постапка и/или правни дејства.

## Процедури за користење и креирање на корисници на електронска пошта

1. Пристап

1.1 Сите вработени или индивидуалец најмен од компанијата има обезбеден пристап до индивидуална e-mail сметка со цел за испраќање и примање на официјални пораки во врска со работењето на компанијата

1.2. Компанијата дистрибуира важни информации, формални известувања и други официјални комуникации преку комапниските e-mail сметки и очекува корисниците на електорнска пошта да ја проверат нивната сметка и да ги читаат своите компаниски e-mail пораки редовно.

2. Содржина

2.1. Корисниците на електорнска пошта мора со големо внимание да ги формулира e-mail пораките. Соодветна етика мора да се почитува во e-mail пораките и користењето на дрзок јазик е забрането.

2.2. Корисниците на електорнска пошта не мора да одговорат на пораки примени, кои се несоодветни, содржи неучтив јазик или барање на корисничко име и/или лозинка. Таквите пораки мора да бидат избришани веднаш.

2.3. Следното се забранува:

• "Спам" - испраќање на несакани електронски пораки на поединци или групи кои не се поврзани со компнијата.

• Испракање на верижни писма/пораки.

2.4. Корисниците на електронска пошта треба да се усогласат со политиките за користење на Информатички и телекомуникациски технологии.

2.5. Корисниците на електронска пошта се одговорни за одржување на нивните индивидуални e-mail сандачиња.

3. Сопственост

3.1. АД МЕПСО ги поседува сите e-mail адреси во системот и го задржува правото да го прекине пристапот до e-mail сметката без известување ако постои основано сомневање дека електронската пошта се користи несоодветно или нелегално.

4. Престанок на работен однос

4.1. Кога на корисникот на електронска пошта му престанува вработувањето, e-mail сметката е оневозможена

4.2 . Компанијата го задржува правото да затвори e-mail сметка во секое време.

5. Мејлинг листа

5.1. АД МЕПСО има директориуми на e-mail адреси. Членство на листата е задолжителна за корисниците на компаниската елктронска пошта.

6. Формат на E-mail адреси

6.1. E-mail адресите за корисниците на електронската пошта се во формат:

ime.prezime@mepso.com.mk

во случај да има e-mail адреси со исто име и презиме тогаш следниот формат ќе се користи:

ime.tatkovoime.prezime@mepso.com.mk

Процедури за пристап и креирање на корисници

1. Креирање на корисник – вработен, посетител

   Одговорен: Систем инжињер

   а) Корисничката сметка на вработените се создаваат кога нивното именување е обработено преку системот за човечки ресурси.

   б) За да се креира корисничка сметка за посетител мора да има барање и одобрение од страна на менаџерскиот тим на АД МЕПСО. Во барањето мора е наведен датум.

2. Активирање на Сметка

   Одговорен: Сите вработени и посетител носители на профил

   Вработениот и посетителот мора да присуствуваа лично за да ја постави својата лозинка. Посетителите мора да потпишат изјава, пред внесување на нивната лозинка согласувајќи се да се придржуваат кон оваа политика и нејзините придружни процедури.

3. Ниво на пристап до ИТ објекти

   а) Ако вработен или посетител бара ниво на пристап различно од вообичното што се доделува на лица во нивнате соодветна област, неговиот раководител/директор мора да им даде писмено одобрение за ниво на пристап кое се бара и истото се поднесува како одобрение до Одделот за ИТ.

4. Креирање на сметка на вработен

   а) Корисничкото име на вработениот го креира Систем инжињерот и истото е составено од името и презимето на вработениот или посетителот.

   б) Должината на корисничкото име треба да биде долго најмалку 5.

   в) Ако од било која причина е раскинат работниот однос на вработениот по известување од Одделот за човечки ресурси корисничката сметка на вработениот се брише од системот.

5. Поставување на лозинка

   Одговорност: Сите носители на профил

   а) Лозинките мора да биде помеѓу 7 и 50 карактери и мора да содржи барем еден број (0-9).

   б) Лозинките мора да се менуваат најмалку еднаш годишно. Сметки со лозинки кои се повеќе од една година може да бидат исклучени.

6. Ресетирање на лозинки

Одговорност: Генерален менаџер, Оддел за човечки ресурси

Сопствениците кои ги заборават лозинките или кои имаат суспендирана корисничка сметка бидејки лозинката е повеќе од една година стара, може да побараат ресетирање на лозинката од страна на Систем инжињерот.

7. Модификација на ниво на пристап, во случај на промена на работно место

Одговорност: Раководител на оддел, Раководител на Оддел за човечки ресурси

а) соодветниот раководител и раководителот на оддел за човечки ресурси мора да го извести одделот за ИТ кога ќе настане промена на работното место.

в) по добивање на известувањето Систем инжињерот мора да направи измени во нивото на пристап на корисничката сметка.

Оператор на електро[illegible] систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-7430/1
01.12.2016 год.
СКОПЈЕ

До
Членовите на Комисија по Заклучок од УО
бр.02-2664/6 од 22.04.2016 год.

ПРЕДМЕТ: Доставување на извештај

Во врска со предмет бр. 08-7130 од 28.11.2016 год. и електронската порака барате во рок од 3 дена да се произнесам по "Izvestaj – prevzemeni dejstvija vo vrska so Paket 14: BIS sistem ", а во пораката имате доставено Извештај од работа на комисија, Извештај од увид, Извештај СФР, претпоставувам само дел од прашалници [illegible] дека треба да ги доставите и други документи. Ќе ги коментирам доставените документи во не е јасно за што треба да се произнесам.

1. Писмо УО – Видно од документот е дека комисијата е формирана со заклучок на УО на АД МЕПСО бр. 02-2664/6 од 22.04.2016 год. и истата започнала со работа 3 месеци подоцна односно на 21.07.2016 и завршила со работа на 29.08.2016 год. но не е видно за кој рок комисијата требала да ја заврши задачата којашто е иницирана на 01.03.2016 год. од страна на Сектор за финансиски и комерцијални работи видно од Извештај СФР.
2. Извештај од работа на Комисија – во извештајот не сте нагласиле дека Компонента 5 Пакет 14 е поврзана со Пакет 13 од истата компонента, односно дека за овој проект беше ангажирана и консултантска куќа која [illegible] договорот беше консултант до завршување на проектот и активно учествуваше во целиот процес и сите процеси се одвиваа под нивна контрола и [illegible].
   - Во врска со прашањата за точка 9 [illegible] на Набавувачот, GCC 9.9 и во врска со Ваучери во известувам дека сите документи поднесени се предадени во Ноември 2012 и потпишани и предадени подготвувани од лицата од одговорните лица за истите. Лицата вработени во АД МЕПСО заедно со стручни лица од Консултантот и Изведувачот ги подготвуваа истите.
   - Стандардниот софтвер Microsoft Dynamics Navision е софтвер кој се прилагодува на потребите на барателот и доколку се прави надградба потребна е миграција и прилагодување на целиот систем што во случајов не е [illegible]. Познато е дека може апликации се програмирани – прилагодени за одредена верзија [illegible] и исто така користи и нашата компанија.

Листа на одобрени Подизведувачи не е Апендикс 5 туку Апендикс 3. Понудувачот односно во случајов изведувачот би требало да има таков договор бидејки на документите има печат само на Изведувачот.

Наводот "Започнато е со миграција односно преминување од постојни на нови процеси дефинирани на новиот систем, но миграцијата е делумна бидејки дел од процесите не се завршени. односно имплементирани до крај и вработените кои ги користат се приморани да работат паралелно на новиот и стариот систем" е нејасен бидејки не е наведено кои процеси не се завршени. "Системот ке биде интегриран и функционален во целина кога ке се напушти паралелната работа на стариот систем" е точна што и го потврдувате со тоа што наведувате дека со ситемот се сработени 2013, 2014 и 2015 година и за истите секоја година се вршени усогласувања на податоците од стариот и новиот систем. Доколку имало несогласувања немало да се продолжува со работа со системот по неусогласена предходна година, што значи системот е функционален а зошто сеуште се работи паралелно мене не ми е познато. Како еден интересен податок е тоа дека на барање на НО Секторот за финансии следниот извештај односно Биланс на состојба за третиот квартал да го достави со податоци од новиот систем и на мое прашање на состанок на УО бр 319 од 16.11.2015 год. до директорот на СФР дали извештајот ќе биде доставен со Билансот на состојба во бараната форма истиот изјави дека е постапено согласно барањето на Надзорниот Одбор и кон Извештајот бил даден и Биланс на состојба што потврдува дека системот функционира.

Во прилог се доставени претпоставувам само дел од прашалниците кои се однесуваат на одделни модули кои сте процениле дека треба да ми ги доставите и кои понатаму ќе ги коментирам.

Наводот "... не се тестирани сите апликации и истите не се ставени во функција бидејки дел од апликациите не се користат од страна на вработените од АД МЕПСО. ..." е нејасен но најверојатно се мисли на модули а не на апликации, не е наведено за кои апликации (модули) се мисли и следствено не е јасно од страна на кои вработени не се користат. Сите модули се тестирани и потпишани со забелешки произлезени од тестирањето од страна на соодветни вработени.

Наводот дека од извршен увид на лице место е утврдено дека на модулите во BIS системот не е инсталирана Продукциска Лиценца туку Тест Лиценца не е содржан во Извештајот од извршен увид на лице место и воедно е неточен бидејки не се работи за Тест Лиценца бидејки таква не постои туку за Развојна Лиценца која содржи дополнителни функционалности кои се потребни за време на развој на системот и истата по завршување на развојот се дефинира и поставува како Продукциска со продукциски функционалности. Потребно е само да се побара од изведувачот да се активира Продукциската Лиценца која АД МЕПСО ја има. Не е точно дека Продукциската Лиценца е неопходна за работа на системот, односно дека без неа системот е неупотреблив.

Во врска со Јавните набавки наводот "Внесувањето на податоците го врши Одделот за ИТ" е точен но не целосен. Одделот за ИТ во еден наврат

учествуваше во внесување на податоците и со истото вршеше по втор пат обука на вработените, а во друг наврат истото го правеа повторно како обука за истото на истите вработени на барање од страна на директорот на Сектор за финансиски работи. Од лично искуство и видување можам да потврдам дека вработените кои треба да работат со тој модул покажуваа тотална незаинтересираност за истото како и презземање на иницијатива за организирање на употребата на модулот.

- Тестови потребни за OAT се вршени редовно и исти такви постојат потпишани од страна на одговорни вработени за одреени модули како и тестови за валидација на истите модули.
- Наводот "Комисијата од извршениот увид може да заклучи дека е потребно да се распише јавен повик за обезбедување на техничка поддршка на BIS системот,..." не е ништо ново и невообичаено бидејќи за истото во Годишниот план за јавни набавки во 2016 од страна на Сектор за финансиски и комерцијални работи беше планирана таква набавка со вредност од 922.500 денари.
- "[illegible] има посебен сервер кој треба да се користи за развивање на нови извештаи и интерфејси како и за обука на нови корисници, но тој до сега не се користел..." не е точно дека не се користел истиот го користеле повеќе вработени корисници и истите многу добро знаат да го користат.

- Прашалник благајна – Тврдењето дека "ништо не е работено во новиот систем" е зачудувачко бидејќи јас лично сум ја следела работата на лицето во системот и знам дека е работено во новиот систем при што не сум добила забелешки за истото, а и не ми е јасно ако не е работено како тогаш се усогласувани годините без тие податоци. Не разбирам за кои конта станува збор бидејќи во тестот за корисници Книжење на благајна (кој го има поминато и без забелешки потпишано лицето) и Упатство за благајна се споменуваат поимите "тип на сметка" "сметка број", "тип на против сметка" и "против сметка бр." и за истите пишува дека се директно поврзани со благајничката трансакција и се повлекуваат автоматски при нејзиниот избор. Во истите документи во врска со курсот пишува "системот автоматски ја пресметува вредноста на износот во денари врз основа на односот на курсот на денарот спрема избраната валута внесен во системот за дадениот датум на работа, како што е прикажано на сликата подоле. Доколку има потреба може курсот да биде променет." Од што произлегува дека курсот се внесува на едно место во системот а истиот го користат сите модули во системот но не знам кое лице е задолжено за истото.
| Дел VII Јули | АЛПИК ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ | 0,87 | 15 | 7.905 | 13 | 2.821 | 41,22 | 442.125,72 |
| Дел VIII Август | ЕНЕРГЕТСКА ФИНАНСИСКА ГРУПА АД СОФИЈА - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ | 0,75 | 13 | 6.851 | 10 | 2.170 | 42,53 | 383.663,13 |
| | ГЕН И Продажба на енергија ДООЕЛ Скопје | 0,75 | 3 | 1.581 | 2 | 434 | 43,50 | 87.652,50 |
| Дел IX Септември | ЕНЕРГЕТСКА ФИНАНСИСКА ГРУПА АД СОФИЈА - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ | 0,87 | 11 | 5.610 | 10 | 2.100 | 42,89 | 330.681,90 |
| | ЕДС ДОО СКОПЈЕ | 0,87 | 4 | 2.040 | 3 | 630 | 43,50 | 116.145,00 |
| Дел X Октомври | ЕНЕРГЕТСКА ФИНАНСИСКА ГРУПА АД СОФИЈА - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ | 0,72 | 14 | 7.378 | 10 | 2.180 | 43,39 | 414.721,62 |
| | АЛПИК ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ | 0,72 | 4 | 2.108 | 3 | 654 | 44,42 | 122.688,04 |
| Дел XI Ноември | ЕНЕРГЕТСКА ФИНАНСИСКА ГРУПА АД СОФИЈА - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ | 0,81 | 12 | 6.120 | 10 | 2.100 | 43,24 | 355.432,80 |
| | ЕДС ДОО СКОПЈЕ | 0,81 | 9 | 4.590 | 7 | 1.470 | 43,90 | 266.034,00 |
| Дел XII Декември | ЕНЕРГЕТСКА ФИНАНСИСКА ГРУПА АД СОФИЈА - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ | 0,79 | 13 | 6.851 | 10 | 2.170 | 41,69 | 376.085,49 |
| | ЕДС ДОО СКОПЈЕ | 0,79 | 11 | 5.797 | 9 | 1.953 | 42,17 | 326.817,50 |
| **Вкупно** | | | | | | | | **6.444.011,24** |


ISO 9001
ISO 14001
OHSAS 18001
BUREAU VERITAS

Вашата понуда не беше земена во предвид при финансиската евалуација затоа што не ги исполнивте минималните критериуми од точка 2.4 од тендерската документација.

Правна поука:

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за набавка по јавен повик и кој има забелешки за направени пропусти или грешки во работењето на комисијата за евалуацијата на понудите и не е задоволен од донесената одлука за избор на најповолен понудувач може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија по пат на жалба доставена до Управниот Одбор на АД МЕПСО во рок од 2 (два) календарски дена од денот на приемот на известувањето за избор на најповолен понудувач по електронски средства со доставување на жалбата лично или по пошта, со јасно и прецизно образложени причини за истата .

Претседател на Комисија:

Борко Алексоски

АД МЕПСО

Генерален директор

М-р Синиша Спасов

СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
20. 12. 2017
15 - 114/19

До

Државен завод за ревизија

ПРЕДМЕТ: Одговор по доставен Нацрт -извештај бр.15-114/5 од 21.11.2017

Почитувани,

Согласно доставениот Нацрт-извештај бр. 15-114/5 од 21.11.2017 за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, за 2016 година и дописот со кој ми давате можност да се произнесам доколку имам забелешки согласно член 30 од Законот за државна ревизија, во продолжение ви го доставувам моето видување во однос на Нацрт -извештајот.

Од увидот во содржината на Нацрт-извештајот констатирав дека изразувате неповолно мислење за финансиските извештаи за 2016-та година како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релеванатната законска регулатива.

Исто така утврдив дека ревизијата е извршена во период 1.03.2017-28.07.2017г, во кој период јас не сум бил присутен во Друштвото ниту како вработен, ниту како лице дел од раководството на Друштвото, а на 05.10.2017г. е одржан и завршен состанок со раководството на Друштвото на кој исто така не сум присуствувал и не сум запознаен со содржината на дискутираното по истиот.

Од наведеното во Нацрт-извештајот не се стекнав со уверување дека на тимот на Државниот завод за ревизија им се презентирани сите релевантни документи, општи акти како и останата документација која реално ќе ги прикаже состојбите во Друштвото. За мене од содржината на Нацрт-извештајот не е видливо ниту кои лица се задолжени од страна на друштвото за презентација на документација, акти и др., во однос на поединечните проверки.

Соодветно на тоа сметам дека постојат пропусти во доставената документација од страна на Друштвото кое драстично ќе влијаело на наодите кои произлегле. На мислење сум дека токму овие пропусти не му овозможиле на тимот од ДЗР да се стекне со констатација за уредноста и совесноста на работењето на раководството на Друштвото.

Во оваа прилика ве известувам дека мојот мандат е прекинат на 29.09.2016, а веќе од 30.09.2016 не сум вработен во АД МЕПСО ниту сум можел да бидам присутен со оглед на активностите од работното место каде го продолжив мојот работен однос.

Согласно Статутот, во отсуство на генерален директор сите активности во делокруг на генерален директор ги врши заменик на генералниот директор.

Во однос на наодите и препораките кои ги имате истакнато, во продолжение го давам своето видување и коментари:

**1.Вовед**

**1.4 Одговорност на раководство**

Одговорноста за финансиските извештаи споменато во точка 1.4 согласно член 19 точка 33 од Статутот на Друштвото припаѓа на СИТЕ членови на УО. Имено, „СИТЕ членови на УО ги водат и вршат заедно работите од надлежност на УО, а особено поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото по истекот на деловната година".

Согласно чл.24 став 2 од Статутот, членовите на УО од член 26, а конкретно членот на УО од ставот 5 кој ги врши финансиските работи и е одговорен за финансиското работење на Друштвото (носи назив Директор за финансиски и комерцијални работи) е ОВЛАСТЕН ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ на Друштвото во однос на финансиското работење што меѓу другото претпоставува и изготвување на финансиски и годишни извештаи.

Предлагам Точка 1.4 од Нацрт-извештајот да се преработи имајќи го предвид горното објаснување.

Во однос на физичката изработка на Финансиските извештаи за 2016 година, сакам да истакнам дека истите се изработуваат од врвни професионалци, применувајќи ги истите сметководствени политики и сметководствени проценки на ист начин како и претходните години. За секоја поединечна деловна година во периодот 2012-2015 вклучително и за 2016 година, финансиските извештаи како и работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор се одобрени без забелешки од страна на Собранието на акционери односно единствениот акционер-Владата на Република Македонија (Службен весник бр.103/2013, 169/2014, 155/2015, 214/2016 и __/2017) согласно Законот за трговските друштва.

Констатирав дека се ревидирани активности од период кој веќе бил опфатен од друга ревизија во 2013г. и не биле најдени забелешки. Доколку тогаш биле посочени забелешките раководството на Друштвото ќе можело да реагира соодветно и ги надмине состојбите посочени сега.

**3. Осврт на ревизија од претходна година**

По однос на точка 3 го прифаќам освртот на ревизијата од претходната година.

**4. Наоди и препораки**

По однос на точка 4.1 ги прифаќам препораките и како такви можат да служат за унапредување на работењето на оваа, но и на сите други правни субјекти од овој ранг. Во однос на мерките и процедурите за заштита и развој на ИТ системите во повеќе наврати од Друштвото се испраќани лица на обуки со цел да внесат новини во ИТ системот на АД Мепсо.

Меѓу другото две лица присуствуваа на :

https://www.entsoe.eu/news-events/events/Pages/Events/Network-Security-Assessment-Days.aspx?EventWorkshopId=203

А од моја страна напати е покренувана иницијатива како следнава (извадок од мејл):

***From:*** *Sinisha Spasov*
***Sent:*** *Thursday, October 01, 2015 3:04 PM*
***To:*** *Izabela Netkova*
***Cc:*** *Nenad Jovanovski; Katerina Gligorova*
***Subject:*** *cyber security*

*Vo minutes of meeting, od deneshniot sostanok na asemblejata, se spomnuva "spravuvanje so cyber security".*

*Mora da pokreneme inicijativa za ovaa rabota. Vekje nekolku pati spomnuvam.*

Или претходно:

*-------- Original message --------*
*From: Sinisha Spasov <sinisha.spasov@mepso.com.mk>*
*Date: 26/08/2015 11:57 (GMT+01:00)*
*To: Nenad Jovanovski <nenadj@mepso.com.mk>, Katerina Gligorova <ketig@mepso.com.mk>*
*Subject: FW: [!!Mass Mail]Look who's attending SGTech Europe 2015*

*Mislam deka vo ramki na Mepso treba da se organizira edna sluzba zadolzena za cyber security.*

*Razmislete vo koja nasoka da deluvame povrzano so ova prashanje*

***From:*** *"SGTech Europe 2015 (Smart Grid Technical Forum)" <database@phoenix-forums.com>*
***Reply-To:*** *"us3-2c9a6873fe-27501cefb1@conversation01.mailchimpapp.com" <us3-2c9a6873fe-27501cefb1@conversation01.mailchimpapp.com>*
***Date:*** *Wednesday, August 26, 2015 at 8:03 AM*
***To:*** *Sinisha Spasov <sinisha.spasov@mepso.com.mk>*
***Subject:*** *[!!Mass Mail]Look who's attending SGTech Europe 2015*

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

### 4.2.1 Водење на состаноци на УО и НО

Констатирано е и од моја страна доцнењето во изработката на записниците. Заостанувањето во изработката на записниците настана откако член на УО бараше да се изработуваат записниците на стенограмски начин за што службата не беше опремена и екипирана. Напоменувам дека доцнењето со комплетирањето на записниците не беше само поради доцнење во нивната изработка од страна на службениците од надлежната служба, туку и од непотребно задржување од страна на дел од членовите на УО при нивното потпишување, за што постои електронска коресподенција помеѓу лицето задолжено за водење на состаноците, и членови на УО. Инаку, пракса беше записниците да се потпишат на прв следен состанок (на УО или НО соодветно) која пракса прекина кога одредени членови ги земаа записниците „да ги препрочитале".

Со цел отстранување на забелешката се донесени следните мерки кои најверојатно не ви се предочени од страна на анкетираните лица:

-Предложено и од страна на УО е донесена е одлука УО бр.02-1643/1 од 24.03.2015 состаноците на Управниот одбор да се снимаат тонски со цел запазување на автентичноста на записниците при нивната изработка,

-Во проектот за реконструкцијата на управната зграда и во новата сала за состаноци, колку се сеќавам предвидена е, а претпоставувам и испорачана и инсталирана професионална опрема за одржување и професионално водење на состаноци,

-Службата за органи на управување беше доекипирана со уште двајца вработени во текот на 2016-та година.

Во контекст на наведеното, сметам дека овој наод треба да се отстрани од Нацрт-извештајот.

### 4.2.2 Систематизација на Друштвото

Во врска со прашањето за систематизацијата на работните места во Друштвото, констатираните состојби во поголем дел се точни. Беше пракса пречистен текст на актот за систематизација да се изработува по неколку одлуки за измена и дополна на истиот, а не по секоја измена и дополна.

Актот за систематизација на работни места е во надлежност на Секторот за правни и општи работи поточно во „Оддел за човечки ресурси".

УО реагирал соодветно на барањето на Секторот за правни и општи работи.

Барањата доставувани од секторите и подружниците за прераспределување на вработени сум сметал дека се проверени и усогласени во однос на важечката интерна регулатива од страна

на сите стручни лица во соодветните служби оддели и сектори и сум ги авторизирал. Соодветно на наодот по алинеја 2, 3 и 4 ги прифаќам препораките.

Во врска со алинеја 5, наодот е точен и за тоа имам опоменувано усно и писмено напати. Во продолжение доставувам копија од електронска порака упатена од мене до директор на СПОР, раководител на служба за човечки ресурси и ЦЦ до директор во чија надлежност се нераспоредените луѓе:

***From:*** *Sinisha Spasov*
***Sent:*** *среда, 08 јули 2015 15:16*
***To:*** *Nenad Krstevski; Vesna Gerasimovska*
***Cc:*** *Nenad Jovanovski*
***Subject:*** *Sistematizacija*

*Nenad,*

*Nemate izraboteno aneksi za lugjeto po poslednite izmeni na sistematizacijata. Aneksite treba da se odnesuvaat na shifrata na rabotnite mesta, no verojatno za odredeni lica I nekoi drugi izmeni.*

*Pozdrav*

### 4.2.3 Градежни објекти и земјиште

Ги прифаќам препораките во однос на запишувањето на имотот на Друштвото. Ниту Министерството за транспорт и врски како надлежно за решавање на имотно-правните прашања ниту Владата на РМ имаше слух за проблемот со имотот на Друштвото. Министерство за транспорт и врски вршеше притисок врз Друштвото проблемот да се реши преку Законот за легализација, што за Секторот за правни и општи работи на Друштвото како стручен сектор задолжен за имотно-правните прашања на Друштвото не беше прифатливо, а Катастарот одбиваше да ги запише по Законот за преобразба на ЕСМ. Проблемот со запишувањето на имотот продуцираше забавување на реализацијата на реконструкцијата на далекуводите предвидени за реконструкција со средства од заемот од ЕБРД кој го констатирате во точка 4.4.4 од Нацрт-записникот.

**4.2.4 Служба за внатрешна ревизија**

Во насока на потврдување на усогласеноста со законите и регулативата службата за внатрешна ревизија имаше обемна работа. Вработувањето или прераспоредувањето на стручни лица на места во службата за внатрешна ревизија беше отежнато поради непоседување на ревизорски лиценци од страна на внатрешни вработени, а при отежнато добивање согласност за вработување од страна на Министерството за финансии. Го прифаќам наодот.

**4.3. Финансиски извештаи**

**4.3.1 Попис на средства**

Во однос на пописот на средствата на Друштвото во целост ја прифаќам препораката.

**4.3.2 Материјална евиденција-градежни објекти**

Во однос на точката во која ја опишувате сметката градежни објекти можам да констатирам дека станува збор за објекти кои се сопственост на Друштвото со чисти имотни листови од кои поновиот е набавен во 2012 година во јавна, транспарентна и недискриминаторна постапка. Притоа може да се констатира и дека за прв пат во 2012 година Друштвото го реши имотно-правното прашање на земјиштето под објектите „дирекција" односно административно-управната зграда на Друштвото.

Утврдената состојба за набавката на објектот од 2012 година во алинеја 5 да се дополни согласно документот издаден од Владата бр.41-8582/1 од 26.11.2012 (Прилог бр.1) и да гласи:

*„Владата го разгледа Барањето за произнесување во врска со Информација за потреба за обезбедување на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО, со дополнување, како материјал за информирање, при што констатира дека се исполнети сите услови за обезбедување на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО".*

Дополнително: заедно со Одлука за одобрување на Годишната сметка, Финансискиот извештај за работењето и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2012 година (за годината во која е набавен недвижниот имот), Собранието на акционери-Влада на Р.Македонија има донесено Одлука за одобрување на работењето на членовите на УО и НО поединечно.

Во истата алинеја констатирате состојба спротивна на член 67 од Законот за трговски друштва. Сметам дека е целосно погрешно протолкуван контекстот на даденото полномошно и сметам дека треба во целост да се избрише. Имено, може да констатирате дека соодветната одлука е донесена од страна на Управниот одбор, а лицето е определено за потпишување. Член 67 не дефинира со каква наобразба да биде истото лице.

**4.3.3. Нематеријални средства-софтверски апликации**

Во врска со Договор за имплементација на компјутеризиран деловен информациски систем (БИС) ја увидов состојбата со информацијата која беше доставена од Секторот за финансиски работи до Управниот одбор на Друштвото. Соодветно, од страна на Управниот одбор поради големите сомненија веднаш беше формирана работна група со цел проверка на усогласеност на добиениот производ со спецификираниот при набавката и утврдување на функционалноста на истиот. До денот на моето заминување од функцијата во Друштвото, не се успеа да се постапи.

#### 4.3.4 Материјални средства во подготовка

Во врска со ставката „Материјални средства во подготовка" се согласувам со наодите. Мора да се има предвид дека запишувањето во книгите е согласно закон. Стекнување на употребни дозволи поради чести промени на Законот за градење е главна причина за неможноста изградените средства соодветно да бидат запишани во Книгите на Друштвото. Пропустот треба да се корегира согласно актуелните законски прописи.

### 4.4 Користење на средствата согласно законските прописи

#### 4.4.1 Ревизија на постапки за јавни набавки

По однос на јавните набавки за кои сте извршиле проверка и имате наод:

1. Јавните набавки во Друштвото се спроведувале од врвни професионалци и специјалисти, кои се стекнале со лиценци издадени од страна на надлежен орган кои посетуваат обуки и курсеви и одат на проверка кај истиот согласно законска регулатива. Секако тие најдобро ќе се произнесат за тоа дали се издржани наодите или не се;
2. Барањата за јавна набавка со прилог техничка спецификација се авторизирани од одговорни лица на секторите и подружниците согласно член 26 и член 24 од Статутот на Друштвото;
3. Потребно е да се има предвид и забележи во вашиот наод дека Службата за внатрешна ревизија вршела ex-ante контрола на постапките за јавни набавки. Вршена е контрола на постапките за доделување на договори за јавна набавка и тоа пред донесување на Одлука за јавна набавка, пред објава на оглас на ЕСЈН и пред донесување на Одлука за доделување на договор или Одлука за поништување на постапка, и за сите забелешки и наоди кои и доколку ги имало беше издаден налог недостатоците да се отстранат со цел постапката за јавни набавки да бидат усогласени со законската регулатива,
4. Органот, Совет за јавни набавки вршел проверки на тендерските документи и по сите забелешки од стручните лица на Советот за јавни набавки, стручните лица имаат реагирано соодветно усогласувајќи ја документацијата.

Согласно на горното, раководството, односно Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото ги има авторизирано актите кои произлегуваат од стручните лица и не можеле да влијаат ниту на содржината на тендерските документи ниту на договорите.

### 4.4.2 Набавка на осигурителни услуги

Во однос на алинеја 1 за начинот на потпишувањето на Договорот по набавката за осигурителни услуги не сум запознаен со оглед дека функцијата во Друштвото ја завршив на 29.09.2016.

По алинеја 2 претпоставувам дека при склучувањето на Договорот и Анексот е внимавано на запазување на принципите на економичност, ефикасност и ефективност.

И во едниот и во другиот случај, надлежноста за набавката беше на Секторот за финансови и комерцијални работи застапувана од Директорот на истиот. Морам да ја истакнам мојата реакција на „потпишано од лице за кое не е презентирано соодветно овластување за потпишување": Не ми е познато кој го има потпишано анексот бр.05-1910 од 18.03.2016 со оглед дека во периодот посочен во извештајот бев на боледување, но доколку потпишал директор на сектор или подружница, според мене имал полно право и обврска да го стори истото согласно член 24 и член 26 од Статутот на Друштвото како и од одлука донесена на УО со која се повторува овластувањето.

### 4.4.3 Обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите во ЕЕС

Се согласувам со наодот и препораката во однос на набавката на електрична енергија за покривање на загубите. Молам да се земе предвид дека принципите на јавност, транспарентност и недискриминираност се почитувани и по постапката немало жалби од економските оператори. Со оглед дека самиот артикал е берзански производ, почитувани се берзанските принципи во смисол да не се развлекува постапката.

Набавката беше во целосна надлежност и одговорност на подружница ОЕПС застапувана од Директорот на истата.

### 4.4.4 Инвестициони активности финансирани од кредитни линии

1. Склучен е Договор за заем со ЕБРД за „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" бр.44114 по одлука за задолжување УО бр.02-2806/8-15.05.2012 и НО бр.02-2896/8-18.05.2012. Формирана е и работна група предводена од заменик генерален директор со одлука УО бр. 02-3408/6-1 од 07.06.2012, односно пред мое стапување на функцијата во Друштвото. Договорот за заем е земен со цел реконструкција на дотраените далекуводи како главен дел кој би се финансирал од заемот, но и други проекти кои имаат за цел рехабилитација и модернизација на трафостаниците преку кои Друштвото ја извршува основната дејност.

Со преземањето на функцијата во 2012 година, од моја страна уочена е отежнатата можност за активирање на финансиските средства од заемот заради нерешени имотно-правни прашања и беше одложено потпишувањето на Договорот за заем за година и половина од донесувањето на одлуката за земање на заем. Потпишувањето беше направено откако се создадоа некои законски предуслови во Законот за градење, при што се олесни постапката за добивање на одобрение за градење од надлежните инстанци.

Можноста Договорот за заем да не се потпише во услови кога веќе бил побаран и одобрен од орган на управување на Банката, повлекуваше реперкусии за Друштвото во смисол да бидеме ставени на „црна листа" кај кредиторот. Од друга страна, несклучување на Договорот за заем во годината кога е склучен, ќе повлечеше покренување на ново барање во следната година (реконструирањето на основните средства споменати во заемот мораше да се случи итно бидејќи беше загрозен преносниот систем на РМ). Дополнително, необезбедувањето средства за реконструкцијата на дотраената опрема ќе значеше неодговорно однесување на раководството.

Спротивно, склучувањето на Договорот за заем имаше повеќекратни позитивни ефекти. Имено, заемот е со најниска каматна стапка во компарација со други заеми земени од институции и државни компании, без државна гаранција, без било какво друго обезбедување.

За склучување на Договорот за заем е донесен „Закон за задолжување на АД МЕПСО со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем" без државна гаранција" од страна на Собранието на Р.Македонија на 06.12.2013 година.

Собранието на акционери-Влада на Р. Македонија има донесено Одлука за одобрување на Годишната сметка, Финансискиот извештај за работењето и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2013 година (во која е склучен и Договорот за заем) и го има одобрено работењето на членовите на УО и НО за 2013 година поединечно.

Активирање на тендерите е во целосна надлежност на директорите на ОЕПС, ИТ/ТК и ОПМ. (Прилог бр.2: Извадок од договор со АФ, страна 73) Напати имам укажувано дека се предизвикува штета од ненавремено активирање.

***From:*** *Sinisha Spasov*
***Sent:*** *четврток, 08 јануари 2015 11:17*
***To:*** *Jordan Angelovski; Elena Trajkovik; Biljana Petreska; Katerina Stojanovska; Anton Petrovski; Biljana Kaeva Kotevska*
***Cc:*** *Aco Risteski; Katerina Gligorova; Nenad Jovanovski; Mihail Panovski; Zoran Todorovski*
***Subject:*** *Kredit svetska banka/EBRD*

*Pocituvani kolegi,*

*Potrebno e da izrabotite izveshtaj za stepen na realizacija na proektite koi se finansirani od strana na megjunarodni finansiski institucii vo izminatiot period I toa:*
*1.svetska banka*

*2.EBRD*
*3.EIB*

*Izveshtajot osobeno da sodrzi:*

*Koi proekti bile predvideni, kako bile budzetirani*
*Koi proekti bile realizirani, koi dogovori se sklucheni*
*Dali ima nerealizirani proekti*
*Dali ima nerealizirani sredstva*

*Jordan I Elena da go soberat izveshtaite od site proekt menadzeri da go obrabotat materijalot I da dostavat zbiren material za eventualna revizija. Materijalot da bide koncizen.*

*Pozdrav*

*Sinisa*

Во делот на моите овластувања потврдувам дека сум реагирал навремено. Видливо од документацијата за одржани состаноци на УО е дека во најкраток можен рок по доставување на тендерските документи од страна на барателите (секторите и подружниците на друштвото) истите се ставени на одобрување од страна на УО и НО согласно Статутот на Друштвото.

2. Во декември 2015 г. е склучен Договор за заем со ЕБРД бр.46274 за изградба на интерконективното поврзување на електропреносните системи на Р.Македонија со Албанија.

Веднаш е пристапено кон избор на проектант/консултант на јавен, транспарентен и недискриминаторен начин по правила на ЕБРД, со средства кои беа одобрени како грант во износ од ЕУР 900.000. Колку сум запознаен, до моментот на напуштање на функцијата во Друштвото сите активности се одвиваа по предвидената динамика. По доставување на проектната и тендерска документација од страна на проектантот/консултант треба да се пристапи кон избор на изведувач.

3. На одлуките за склучување на двата договори за заем со ЕБРД имаше влијание одбрувањето на **грант во вкупен износ од 12,9 мил еур** со поддршка од ЕБРД преку Инвестициска рамка за Западен Балкан кој е единствен грант доделен на АД во државна сопственост во Р.Македонија конкретно на АД МЕПСО во таа временска рамка. Предуслов за одобрување на Грантот беше склучување на двата договори за заем со ЕБРД.

По исплата на сите трошоци и камати за земените кредити, на Друштвото и на јавниот интерес не е направена штета, туку напротив, остварена е добивка.

Собранието на акционери-Влада на Р.Македонија има донесено Одлука за одобрување на Годишната сметка, Финансискиот извештај за работењето и Годишниот извештај за работењето на

Друштвото за 2015 година (во која е склучен и Договорот за заем) и го има одобрено работењето на членовите на УО и НО за 2015 година поединечно.

### 4.4.5 Преиспитување на права во Колективниот договор

Колективниот договор е акт кој е изработен од Комисија составена од 3 члена предложени од работодавачот и 3 члена од синдикатот. Како координатор од страна на менаџментот работеше член на УО. Актот е усвоен од страна на УО, согласно Статутот на АД МЕПСО во 2013 година.

Во однос на исплатениот регрес, наодот е точен. Исплатата е извршена во согласност со Колективниот договор, а тој е усогласен со Колективниот договор за енергетика" (Службен весник на РМ бр.182/14) кој овозможува исплата на најмалку 80% а најмногу 100% од основицата (просечна нето плата исплатена во РМ во последните три месеци). Ова го довело раководството до заблуда. За наведените исплати платени се сите давачки кон државата.

Ја повикувам ДЗР да ги преиспита сите гранкови колективни договори поради голем број нејаснотии, испреплетување на закони и колективни договори во таа област.

### 4.4.6 Репрезентација-угостителски услуги

Ја прифаќам препораката. Согласно моите ингеренции како Генерален директор,тврдам дека сум постапувал совесно во однос на користењето на угостителски услуги. Во периодот додека ја извршував функцијата заклучно со 29.09.2016г., од моја страна беа враќани фактурите кои не беа одобрени согласно одлуката на НО. Не ми е познато кога се направени трошоците без одобрение согласно Одлуката од НО.

### 4.4.7 Зграда

Договорот за изработка на ревидиран основен проект е склучен пред мое стапување на функција во Друштвото. Никој, ниту Комисијата ниту надворешниот надзор не ми предочиле дека има недостатоци во Договорот за проектирање. Напротив, сум побарал Службата за ревизија да ја провери усогласеноста пред да биде извршено плаќањето.

Недостатоците и пропустите во проектната документација се констатираа кога веќе беше почната реконструкцијата на зградата. Исто така беше констатирано дека нема проектантски надзор. Проектантот прифати да врши проектантски надзор без надоместок што не е во спротивност со ниту еден закон.

Се согласувам со наодот дека не е обезбедена ревизија на измените и дополните на основниот проект. Но, никој, ниту надзорот ниту Комисијата задолжена за следење на реализацијата нема предочено дека е потребно ревизија на измените и дополните на основниот проект вклучувајќи ја законски задолжителната инстанца надворешниот технички надзор. Сметам дека тоа требало да го обезбеди проектантот во делот на проектантскиот надзор.

И покрај сите потешкотии, изведбата на реконструкцијата на зградата во голем обем беше завршена до моето напуштање на функцијата. Морам да констатирам дека во два клучни моменти не бев во можност да ја извршувам функцијата, а тоа е периодот март-април 2016 година (боледување заради живото загрозувачка дијагноза) и деновите кога сум бил на одмор во 2016 година во јули/август во кои периоди се случиле некои клучни активности за чија усогласеност не можам да се произнесам.

Продолжувањето на рокот е со цел постигнување на економичност, ефикасност и ефективност на Договорот за реконструкција и е запазена законската норма од аспект на Законот за градење. Во секој случај, Друштвото продолжувајќи го рокот за изведба било финансиски заштитено и можело и може да реагира во моментот кога ќе бидат предочени сите потребни документи и пресметки од страна на стручните служби поврзани со наплата на штета (доколку се констатира) и наплата на пенали. Сакам да напоменам дека со одлука УО бр. 02-4001/6-2 УО на Друштвото, го има задолжено Секторот за финансиски работи да преземе активности со цел добивање стручно и независно мислење за реализацијата на Договорот, а поврзано со непредвидените работи /вишоци , обраќајќи се до Бирото за судско вештачење на РМ, а кое до моментот додека ја вршев функцијата не беше завршено.

Исто така, од моја страна по одлука на УО, Службата за внатрешна ревизија со посебно овластување беше задолжена да изврши внатрешна посебна контрола за законитоста, економичноста и ефективноста на Договорот за јавна набавка. И по повеќе опомени до моментот на напуштање на функцијата, не добив извештај за наведеното. Заради горното не бев во можност да преземам одредени дејствија во насока на разрешување на одредени заклучувања.

За целиот тек и сите потешкотии во завршувањето на обемот на активности, имам испратено информација до Надзорниот одбор бр. 02-5332 од 30.08.2016 г. од чија содржина детално може да се видат дејствијата кои сум ги преземал во насока на разрешувања на проблемите кои настанаа во изведбата по Договорот за реконструкција.(Прилог бр.3)

**5. Ревизорско мислење**

Земајќи ги предвид вашите наоди и препораки како и мислењето дадено во точка 5 дека „финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД Мепсо на ден 31.12.2016 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување", заради дополнителните појаснувања кои ги давам погоре, сметам дека мислењето од неповолно треба да биде сменето во <u>мислење со резерва</u>.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

6.1. Средства за работа на Синдикатот

Од страна на Управниот одбор на Друштвоте беше задолжен Секторот за финансиски работи да ја провери целисходноста на трошењето на средствата доделени од друштвото на

Синдикалната организација за претходниот период пред да се исплаќаат средствата, а потоа да се процесуира самата исплата. На состанок на УО задолжениот член информираше дека истото е сторено и е усогласено.

Ја поддржувам препораката од ДЗР за засилена контрола на трошењето на доделените средства како и за преиспитување на висината на истите.

**6.3. Проекти од јавен интерес**

Реализацијата на проектите од јавен интерес во секој случај се иницирани од единствениот акционер на друштвото-Владата на РМ. Пред зборовите „воспоставена е пракса..." сметам дека треба да се додаде: „Врз основа на задолжувања, препораки и други акти од единствениот акционер-Владата на Р.М.". За целокупната реализација на проекти кои не се во функција на дејноста пренос на електрична енергија, сопственикот на друштвото го има одобрено работењето на раководството.

**6.4. Тужбени барања**

Молам да се иницира кај Владата на Р.М. како единствен акционер на сите наведени друштва помеѓу кои постојат тужбени барања, да изврши порамнување на друштвата. Во спор со МЖ Транспорт побарано е постапување од Владата на РМ по кое се произнесе дека го разгледале материјалот како материјал за информирање што е во спротивност со вашиот наод „без притоа да се бара постапување од Владата".

Не се согласувам дека постои „отсуство на преземени политики за обезбедување на побарувањата". Секој од споровите по однос на тужбени барања кон или од страна на Друштвото е со своја специфика.

Во контекст на сето изнесено погоре, се согласувам дека е потребно одредени сегменти на работењето да се конкретизираат со цел поефикасно, поекономично и поефективно работење на Друштвото.

М-р Синиша Спасов, дипл.маш.инж.

Прилог бр. 1

Република Македонија
Влада на Република Македонија

Бр. 41-8582/1
Скопје 26.11.2012 година
Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
Бул. Илинден бр.2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3118 - 022
www.vlada.mk

**ДО АД МЕПСО**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВАДОК

### од Нацрт – записникот од Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24.11.2012 година

**„ТОЧКА 96:** Барање за произнесување во врска со Информација за потреба од обезбедување на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО, со дополнување

Владата го разгледа Барањето за произнесување во врска со Информација за потреба од обезбедување на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО, со дополнување, како материјал за информирање, при што констатира дека се исполнети сите услови за обезбедување на дополнителен административен деловен простор на АД МЕПСО."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

Подготвил: Катерина Јанеска
Контролирал: Љубица Г. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска М. Спасовска

Прилог бр. 2

МЕПСО



amount shall be made within 28 days after the Commencement date.

The Advance payment shall be paid in full amount against the submission of Advance payment guarantee for above percentage.

This shall be incorporated in the SCC 45.1 (a).

- Determination of any indirect taxes that the Consultant will need to charge the Client, taking into account any exemptions that the Client might be able to obtain
  - The Consultant will invoice to the Client the vehicle in the full amount i.e. not exceeding 30.000 EUR + 18% VAT.
  - The Consultant will invoice to the Client the IT equipment and supporting tools in the full amount i.e. not exceeding 5.000 EUR + 5% VAT.
  - The Consultant will prepare the Amendment for transferring the ownership of the vehicle.
  - Any changes in the Law for tax legislation shall be settled with a written agreement in accordance with GCC 37.
- Insurance issues
  - Since the Consultant will transfer the ownership to the Client after the purchase of the Vehicle the costs for registration, insurance, fuel and maintenance etc. shall be borne by the Client.
- Responsible persons for technical issues related to the project are the following.

  For Component 1: Director of Transmission Grid Operator, Mr. Aco Risteski

  For Component 2: Director of Power System Operator, Mr. Nenad Jovanovski

  For Component 3: Director of IT and TK Department, Ms. Katerina Gligorova

  For Component 4: Director of Transmission Grid Operator, Mr. Aco Risteski

Прилог бр. 3

МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
+ 389 (0)2 3 149 811
+ 389 (0)2 3 149 814
+ 389 (0)2 3 149 813
+ 389 (0)2 3 149 815
+ 389 (0)2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр. 02-5332
30.08 2016 год.
Скопје

ДО

НАДЗОРЕН ОДБОР НА АД МЕПСО
Г-дин Саша Грујевски

- ТУКА -

ПРЕДМЕТ: Информација во врска со реализацијата на јавната набавка - Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда Дирекција на АД МЕПСО

Почитувани,

Ве информирам за следното:

Со Одлука на УО број 02-5831/6 од 11.09.2012 година на АД МЕПСО, потпишана од Претседателот на Управниот одбор на АД МЕПСО – Дејан Бошковски, усвоена е Годишната инвестициона програма за 2013 година на АД МЕПСО, со позиција 1.2.1– Изведба на реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда –дирекција на АД МЕПСО.

Планот за јавни набавки за 2013 година на АД МЕПСО е усвоен со Одлука на УО број 02-7344/3 од 29.11.2012 година потпишан од ПреТседателот на Управен одбор на АД МЕПСО – Синиша Спасов и членовите на Управниот одбор, со позиција 337- Изведба на реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда –дирекција на АД МЕПСО.

Со одлука на УО број 02-176/1 од 08.01.2013 година направена е корекција на текстот на позицијата 337 од ПЈН за 2013 година и истиот гласи: Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетска ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда – дирекција на АД МЕПСО и надзор на изведба на реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на сдминистративна зграда – Дирекција на АД МЕПСО.

Барањето за започнување на постапка за јавна набавка на работи - Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетска ефикасност и реконструкција на внатрешност на административна зграда – дирекција на АД МЕПСО (архивски број 03-4797 од 04.09.2013 година) е потпишано од Баратело на јавната набавка – Виктор Страшевски (Оддел за општи работи) и Генерален директор на АД МЕПСО – Синиша Спасов.
Сакам да напоменам дека во овој период АД МЕПСО немаше Директор на Секторот за правни и општи работи, поради што и средствата за наведената јавна набавка беа ставени во Кабинет на ГД.

ISO 9001
ISO 14001
OHSAS 18001
BUREAU VERITAS
Certification

Прилог: Одлука на УО број 02-7344/3 од 29.11.2012 година за усвоен План за јавни набавки за 2013 година на АД МЕПСО , Одлука на УО број 02-5831/6 од 11.09.2012 година на АД МЕПСО за Годишната инвестициона програма за 2013 година на АД МЕПСО.

Со цел да се обезбеди поголема транспарентност но и отчетност за реализацијата на оваа јавна набавка беше делегирана Комисија чија основна задача и овластување е континуирано да ја следи реализацијата на предметот на Договорот, од самиот почеток па се до неговото крајно реализирање.

Со заокружувањето на постапката за избор на најповолен понудувач и со потпишувањето на Договорот за јавна набавка со најповолниот понудувач сите понатамошни активности поврзани со следењето на реализацијата на Договорот за јавната набавка преминаа во надлежност на Комисијата делегирана за следење на реализација на Договорот, како и во надлежност на Секторот за финансиски работи – Оддел комерција (кој по default е надлежен да ја следи реализацијата на сите јавни набавки во Друштвото).

Согласно потпишаниот Договор за јавната набавка на Комисијата и беа делегирани овластувања и одговорност во континуитет да ги превзема сите потребни дејствија во насока на имплементацијата и реализацијата на Договорот и за било какво отстапувања од Договорот истата е должна веднаш да состави записник во кој прецизно (таксативно и описно) ќе ги прибележи сите тие отстапувања.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на АД МЕПСО во исклучива надлежност на Секторот за финансиски работи е да врши контрола од доменот на комерцијалното работење и спроведувањето на Законот за јавни набавки, да ги координира сите активностите во поглед на спроведувањето на постапките по јавните набавки, да го следи, анализира, организира и координира целокупното финансиското и комерцијалното работење, како и да се грижи за примена на законските прописи и акти за сверата на комерцијално работење на Друштвото.

Покрај овие овластувања, обврски и надлежности (утврдени и дефинирани со актите за внатрешна организација и функционирање на Друштвото) со цел добивање на стручно и независно мислење за реализацијата на Договорот за јавна набавка, во врска со барањата од Изведувачот-Бетон Штип за непредвидени работи/вишоци и сл. Управниот одбор на АД МЕПСО со Одлука УО бр. 02-4001/6-2 од 06.08.2015г. го задолжи Секторот за финансиски работи да обезбеди вешт Наод и Мислење од Бирото за судски вештачења на РМ.

Прилог: Одлука УО бр. 02-4001/6-2 од 06.08.2015година.

Исто така во согласност со овластувањата кои ми ги дава Статутот на АД МЕПСО како Генерален Директор издадов и Посебно Овластување за вршење на внатрешна посебна ревизија за законитоста, економичноста и ефективноста на Договорот за јавна набавка до Службата за внатрешна ревизија на АД МЕПСО.

Прилог: Посебно овластување бр.02-4476 од 26.08.2015 година.

Го известувам Надзорниот одбор дека до ден денес (кога ја проследувам оваа информација до Вас) ниту е постапено од страна на Службата за внатрешна ревизија на АД МЕПСО т.е. не е изготвен Ревизорски Извештај, ниту пак е постапено од страна на Секторот за финансиски работи т.е. не е обезбеден Наод и Мислење од Бирото за судски вештачења на РМ.

Како Генерален Директор на наколку наврати се имам обратено до Секторот за финансиски работи со цел добивање на комплетна информација за основаноста/неоснованоста на причините за склучување на Анакс бр.3 кон Договорот за реконструкција и адаптација на фасада, со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција на АД МЕПСО (склучен со Носителот на набавката ГТД Бетон Штип).

Прилог: Барање за известување бр.02-3407/3 од 14.07.2016година и Барање на податоци бр.02-4307 од 20.07.2016година.

По однос на првиот допис од 14.07.2016г. (во прилог) бев известен дека Наод и Мислење од Бирото за судски вештачења на РМ не е обезбеден, додека по вториот допис од 20.07.2016г. (во прилог) сеуште чекам одговор од Секторот за финансиски работи.

Сакам да Ви укажам на следното:

Јавната набавка - Реконструкција и адаптација на фасада, со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда Дирекција на АД МЕПСО, согласно усвоениот и одобрениот Годишен план за јавни набавки на АД МЕПСО од 2013 е спроведена како Отворена постапка (ОП).

Во Годишниот план за јавна набавка на АД МЕПСО за 2016 година усвоен од Управниот одбор со Одлука УО бр.02-391/4 од 21.01.2016г. и истиот е одобрен од страна на Надзорниот одбор со Одлука НО бр.02-651/4 од 02.02.2016г. за позицијата 266 – Непредвидени работи за изведба на Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО Скопје) во колоната - Вид на постапка , стои- Отворена постапка (ОП).

<u>Прилог:</u> Одлука УО бр.02-391/4 од 21.01.2016година и Одлука НО бр.02-651/4 од 02.02.2016година.

Сакам да напоменам дека Договор за јавна набавка на работи со архивски број 02-6657/1 од 31.12.2013 година е одобрен и потпижан од Управниот одбор на АД МЕПСО; Анекс бр.1 (архивски број 02-4154 од 10.08.2015 година) кон предметниот Договор е одобрен од Управниот одбор на АД МЕПСО и донесена е одлука за овластување на лица за потпишување на истиот; Анекс бр.2 (архивски број 02-2184 од 31.03.2016 година) кон предметниот Договор истотака е одобрен од Управниот одбор на АД МЕПСО и донесена е одлука за овластување на лица за потпишување на истиот.

Како пример и веќе воспоставена пракса за тоа како постапил Управниот одбор на АД МЕПСО во случна ситуација за потреба на потпишување на АНЕКС за дополнителни работи, Ви го доставувам во прилог Барање за измена и дополннување во Планот за останати потреби на набавки за 2014 година на АД МЕПСО (ОПН) и Годишниот план за јавни набавки за 2014 година на АД МЕПСО (ПЈН) ( арх. бр. 02-4486 од 15.07.2014 година) за спроведување на постапка согласно ЗЈН за обезбедување дополнителни услуги за мобилна телефонија (каде барател на набавката бил Секторот за ИТ и ТК).

Имено, во овој случај горенаведеното Барањето за измена на и дополнување на Планот за јавни е потпишано од страна на членовите на Управниот одбор и истото било адресирано до Управниот одбор на АД МЕПСО, после што следувала и Одлука за прифаќање на барањето УО бр.02-4487/1 од 15.07.2014 година.

<u>Прилог:</u> Барањето до Управен одбор бр.02-4486 од 15.07.2014година и Одлука УО бр.02-4487/1 од 15.07.2014година.

Зошто тогаш и во овој случај за сите акти кои треба да се донесат во однос на непредвидении дополнителни работи, како и за кусоци/вишоци по однос на горенаведениот Договор и Анекс 1 и 2, не се постапи на ист начин, однсно истите да бидат потпишани од сите членови на Управниот одбор.

Напоменувам дека со Заклучок бр.02-4459/4 од 25.08.2015 година Управниот одбор го задолжи Секторот за финансиски работи во соработка со Координаторот на проектот - Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда (Дирекција на АД МЕПСО Скопје),

Претседателот на Комисијата задолжена за следење на реализацијата на Договорот и Надзорот на градбата да ги превземат сите неопходни дејствија согласно позитивната законска регулатива во РМ за утврдување и отпочнување на соодветна законска постапка за непредвидените, дополнителните и вишоците на работи за реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда (Дирекција на АД МЕПСО Скопје).

Прилог: Заклучок УО бр.02-4459/4 од 25.08.2015година.

Согласно даденото задолжение од страна на Управниот одбор Секторот за финансиски работи имаше налог во согласност со позитивната законска регулатива (Законот за јавни набавки) да ги координира и превземе сите активности за непредвидените, дополнителните и вишоците на работи за реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда Дирекција на АД МЕПСО Скопје (согласно дописите доставени од Изведувачот и Надзорот) и откако истите ќе биодат потврдени и конфирмирани од страна на Комисијата овластена да ја следи реализацијата на Договорот за јавна набавка да даде напатствија со предлог-решение за натамошни чекори кои треба да се превземат од страна на Управниот одбор, Надзорниот одбор и Кабинетот на генералниот Директор со цел законито и навремено постапување.

Соoглед на тоа што за позицијата 266 – Непредвидени работи за изведба на Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда - Дирекција на АД МЕПСО Скопје) во колоната - Вид на постапка стои- Отворена постапка (ОП), знаејки го значењето на горенаведениот Договор за Јавна набавка и идните можни последици кои можат да произлезат од неговото евентуално несоодветно извршување,доколку се оди со постапка со преговарање сметам дека треба да има посебна одлука од Управен одбор.

Доколку за одредени работи поврзани со примената на законската регулатива Секторот за финансиски работи бил во недоумица или имал потреба од содветно толкување имал можност за истото да се обрати до стручните служби во АД МЕПСО или за совет и автентично толкување на законската регулатива (Законот за јавни набавки) да се обрати до Бирото за јавни набавки.

До ден денешен (кога ја проследувам оваа информација до Вас) Секторот за финансиски работи сеуште нема постапено согласно Заклучокот УО бр.02-4459/4 од 25.08.2015г. т.е. сеуште нема доставено предлог-решение за натамошни чекори кои треба да се превземат од страна на Управниот одбор, со цел донесување на одлука за отпочнување на постапка за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на АД МЕПСО како по примерот со Јавната набавка спроведена од Секторот за ИТ и ТК (наведен погоре).

За основаноста на сето горе наведено и приложено укажува и правното толкување дадено од Директорот на Секторот за правни и општи работи, кој во својот допис до членовите на Управниот одбор бр.03-5035 од 17.08.2016г., на страна 3 алинеја 4 вели " Договорот за јавна набавка е изготвен од Одделот за комерцијални работи и дека тој е надлежен оддел да води сметка за сите работи кои произлегуваат од истиот (гаранции, договорни казни, пенализација) и сите останати работи кои се во насока на заштита на компанијата,а произлегуваат од Договорите за јавни набавки ".

Сакам да ве известам дека сите дописи доставени до мене како Генерален директор на АД МЕПСО, а се поврзани со горенаведениот Договор за јавна набавка се уредно и навремено доставени до сите членови на Управниот одбор како би можеле истите да бидат информирани.

Со почит,

Генерален Директор
м-р Синиша Спасов

Ко: - Кабинет на ГД
- Архива

Врз основа на член 19 став 1 алинеја 1, 6 и 7 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје („Службен весник на РМ“ бр.21/08 од 12.02.2006 година) Управниот Одбор на Друштвото на својот 179-ти состанок, одржан на ден 11.09.2012 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА **Годишната Инвестициона Програма на АД МЕПСО Скопје за 2013 година**, на начин што вкупните побарувања од инвестициони активности се утврдуваат во висина од 3 951 828 629,00 денари или 64 257 376,00 евра.

Текстот на усвоената Годишна Инвестициона Програма на АД МЕПСО за 2013 година да се достави на разгледување и усвојување и пред Надзорниот Одбор на Друштвото.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

УО бр.02-5831/6
11.09.2012 година

Претседател на Управен Одбор

**Дејан Бошковски, дипл.маш.инж.**

Врз основа на член 17 од Деловникот за работа на Управниот Одбор и член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје („Службен весник на РМ" бр.21/08 од 12.02.2008 година), а во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки – пречистен текст („Службен весник на РМ" бр.24/12), Управниот Одбор на Друштвото по точка 3 од дневниот ред „Разгледување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на АД МЕПСО Скопје, доставен од Секторот за финансиски работи со допис бр.05-7339 од 29.11.2012 година", на својот 184-ти состанок, одржан на ден 29.11.2012 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. СЕ УСВОЈУВА Планот за јавни набавки на АД МЕПСО Скопје за 2013 година;

2. Се задолжува Секторот за финансиски работи и Службата за координација на проекти, текстот на усвоениот План за јавни набавки на АД МЕПСО Скопје за 2013 година во електронска форма да го достават до подружниците и секторите на АД МЕПСО;

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето;

4. Одлуката е донесена едногласно од сите присутни Членови на Управниот Одбор без издвоени мислења на било кој Член.

**УО бр.02-7344/3**
**29.11.2012 година**

**Претседател на Управен Одбор**
**м-р Синиша Спасов**

СКОПЈЕ

ДН
- Сектор за финансиски работи
- Служба за координација на проекти
- Архива

Член на УО, Крсто Мукоски

Член на УО, Михаил Пановски

Член на УО, Катерина Глигорова

Член на УО, Катерина Шкоро Николиќ

Врз основа на член 17 од Деловникот за работа на Управниот Одбор, член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, или скратено АД МЕПСО-Скопје (Сл. весник на РМ бр. 52/2015), Управниот Одбор на Друштвото по точка 6 од дневниот ред "Разгледување на барање за продолжување на рок за завршување на градба од ГТД БЕТОН ШТИП со мислење од технички надзор – ДАВОС, доставено преку Координатор на проектот Т. Лазаров (арх. бр. 03-3944 од 31.07.2015)" на Продолжението на 306-от состанок, одржано на 06.08.2015 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. СЕ ЗАДОЛЖУВА Секторот за финансиски работи до Бирото за судски вештачења на РМ да поднесе Барање за изготвување вешт наод и мислење од економска и техничка (машинска, градежна и електро) струка со кое преку анализа одредбите од Договорот за јавна набавка со неговите составни делови (тендерската документација, техничките спецификации, Понудата, динамичкиот план), проектната документација, градежните дневници, градежните книги, останатата кумулативна-техничка документација, писмена коренсподенција помеѓу Комисијата-Надзорот-Изведувачот и друга документација за која Бирото ќе смета дека е потребна за спроведување на вештачењето ќе дадат стручно мислење по однос на тоа дали реконструкцијата-изведбата на објектот се одвивала во согласност со динамичкиот план за изведба доставен од страна на Носителот на набавката ГТД Бетон Штип; дали постојат измени и/или недостатоци во проектната документација и какво дејство има истото во однос на реализацијата на правата и обврските од Договорот за јавната набавка; дали во градежните дневници и градежните книги се наведени поткрепени и издржани причини кои согласно позитивната законска регулатива констатираат одредени појави кои предизвикуваат финансиски импликации.

2. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**УО бр.02-4002/6-2**
**06.08.2015 година**

**Претседател на Управен Одбор,**
**м-р Синиша Спасов**

Член на УО, Ацо Ристески
Член на УО, Ненад Јовановски
Член на УО, Кирил Ачкоски
Член на УО, Катерина Глигорова
Член на УО, Ненад Крстевски
Член на УО, Сашо Василевски

ДН
- Сектор за финансиски работи
- Шеф на Кабинет на Ген. директор
- Архива

ДО

**Служба за внатрешна ревизија на АД МЕПСО**
**Раководител - Татјана Пешевска**
**( ТУКА )**

02-4476
26 08 15

Согласно член 3 точка 19, член 23, член 24 став 1 точка 6, член 28 и член 34 став 1 и 2 од **Законот за** внатрешна финансиска контрола (Сл.Весник 90/2009, 188/2013), во врска со член 5 од **Правилнкот за** начинот на извршување на внатрешна ревизија и начинот на известување за ревизијата (**Сл. Весник на** РМ 136/2010), и D.2.4.0.2 од Правилникот за систематизација на работни места на **АД МЕПСО**, постапувајќи по Одлуката на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје УО бр.02-4002/6-3 од **06.08.2015** година го издавам следното:

**ПОСЕБНО ОВЛАСТУВАЊЕ**

**за вршење на внатрешна посебна ревизија**

Цел на посебната ревизија е ревизија на законитоста, економичноста, ефикасноста и ефективноста на Договорот за јавна набавка на работи "Изведба на реконструкција и адаптација на фасада со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешност на административната зграда Дирекција на АД МЕПСО" од аспект на совесно/несовесно, навремено/ненавремено, одговорно/неодговорно постапување на Претседателот на Комисијата одговорен за реализација на правата и обврските од Договорот за јавната набавка – Виктор Страшевски и Координаторот на Проектот - Томислав Лазаров преку целосна и сеопфатна анализа на: правата и обврските содржни во Договорот за јавна набавка; целокупната градежно-техничка документација (градежната книга, градежниот дневник); техничките спецификации, динамичкиот план и Понудата кои се составен дел на Договорот; целокупната писмена коренсподенција помеѓу Комисијата-Надзорот-Изведувачот, како и нивното постапување/непостапување по задолженијата на Управниот одбор содржани во Заклучоци и Одлуки со посебен осврт за евентуалните правни и финансиски импликации кои можат да настанат по АД МЕПСО Скопје како последица на евентуално востановените неправилности и пропусти од страна на Претседателот на Комисијата одговорна за реализација на правата и обврските од Договорот за јавната набавка - Виктор Страшевски и Координаторот на Проектот - Томислав Лазаров.

Посебно овластен и одговорен: Татјана Пешевска - Раководител на Службата за внатрешна ревизија на АД МЕПСО Скопје.

Рок на почеток на ревизијата: ВЕДНАШ со денот на прием на посебното овластување преку архивата на АД МЕПСО

Рок на завршување и предавање на ревизиски извештај: 10 (десет) работни дена.

КО:

- Кабинет
- Архива

**Генерален директор**
**м-р Синиша Спасов**

**МЕПСО**

Бр. 02-4308
20.07.2016 год.
Скопје

До
Сектор за финансиски работи
Тука

Предмет : Барање на податоци

АД МЕПСО за реализација на јавната набавка на работи со предмет на набавка - Изведба на реконструкција и адаптација на фасада, со цел подобрување на енергетската ефикасност и реконструкција на внатрешноста на административната зграда - Дирекција на АД МЕПСО, со изведувачот на работите ГТД Бетон - Штип склучи:

- Договор за јавна набавка на работи (архивски број 02-6657/1 од 31.12.2013 година);
- Анекс бр.1 (архивски број 02 4154 од 10.08.2015 година) кон Договор за јавна набавка на работи бр.02-6657/1 од 31.12.2013 година;
- Анекс бр.2 (архивски број 02 2184 од 31.03.2016 година) кон Договор за јавна набавка на работи бр.02-6657/1 од 31. 2.2013

Соглед дека Секторот за финансиски работи е надлежен да го следи, анализира, организира и координира целокупното финансиското и комерцијалното работење, како и да се грижи за примена на законските прописи и акти за сферата на комерцијално работење на Друштвото потребно е да достави :

- табеларен преглед на сите фактури (согласно времените ситуации) кои изведувачот на работите и надзорот ги доставил за реализација до АД МЕПСО, со архивски број и дата на прием на фактурата и дата на реализација на истата, со наведена вредност на исплатената фактура во денари (евра), поделени во периоди од склучување на Договорот до склучување на Анекс 1, од склучување на Анекс 1 до склучување на Анекс 2 и за период по склучување на Анекс 2,
- податок за висината на средствата кои АД МЕПСО ги има исплатено на изведувачот на работите согласно Договорот и податок за висината на средствата кои е потребно да се исплатат по целосно исполнување на работите предвидени во Договорот,
- а доколку преку архивата на АД МЕПСО, изведувачот на работите и надзорот имаат доставено фактури за реализација (по времени ситуации), а истите финансиски не се реализирани од страна на АД МЕПСО, потребно е да ги наведете сите со архивски број на прием во архивата на АД МЕПСО.

Бараните податоци да се достават најдоцна до 22.07.2016 година.

Генерален директор на АД МЕПСО
м-р Синиша Спасов

Ко
Кабинет на Генерален директор
Архива

МЕПСО

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
АД, за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје

Бр. 02-3407/3
14.07.2016 год.
СКОПЈЕ

До
Сектор за финансиски работи
Тука

Предмет Барање на известување
Врска Допис број 05-3407/2 од 22.06.2016г

Ценејќи ја Вашата констатација од дописот број 05-3407/2 од 22.06.2016г. каде што тврдите дека сте ги превземале сите неопходни потребни дејствија за регулирање на вишоците на работи и согласно тоа сте го изготвиле и го предлагате Анекс број 3 на Договорот број 02-6657/1 од 31.12.2013г., но имајќи го во предвид и задолжението кое е дадено од страна на Управниот одбор потребно е ваквото тврдење да биде потврдено и со стручно мислење од страна на Бирото за судски вештачења на РМ особено за тоа дали постојат измени/и или недостатоци во проектната документација и какво дејство има истото во однос на реализацијата на правата и обврските од Договорот за јавна набавка и дали таквите појави предизвикуваат финансиски импликации.

Сакам да потсетам дека со Одлука на Управниот одбор на АД МЕПСО број 02-4002/6-2 од 06.08.2015г. Секторот за финансиски работи се задолжува до Бирото за судски вештачења на РМ да поднесе Барање за изготвување на вешт наод и мислење од економска и техничка (машинска, градежна и електро) струка со кое преку анализа на одредбите од Договорот за јавна набавка со неговите составни делови (тендерска документација, техничка спецификација, понудата, динамичкиот план) проекната документација, градежните дневници, градежните книги, останата кумулативна-техничка документација, писмена коресподенција помеѓу Комисијата и Надзорот- Изведувачот и друга документација за која Бирото ќе смета дека е потребна за спроведување на вештачењето ќе дадат стручно мислење по однос на тоа дали реконструкцијата изведбата на објектот се одвивала во согласност со динамичкиот план за изведба доставена од страна на Носителот на набавката ГТД Бетон Штип; дали постојат измени/и или недостатоци во проектната документација и какво дејство има истото во однос на реализацијата на правата и обврските од Договорот за јавна набавка; дали во градежните дневници и градежните книги се наведени поткрепени и издржани причините кои согласно позитивната законска регулатива констатираат одредени појави кои предизвикуваат финансиски импликации.

Согласно горенаведеното Ве повикувам да ме известите дали Секторот за финансиски работи постапил по Одлуката број 02-4002/6-2 од 06.08.2015г., притоа да се наведе архивскиот број на Дописот со кој Секторот за финансиски работи се обратил до Бирото за судски вештачења на РМ (дописот да се достави во прилог на материјалот), и архивскиот број на Дописот кој Бирото за судски вештачења на РМ го доставиле до Секторот за финансиски работи како одговор (дописот да се достави во прилог на материјалот).

Прилог: Копија од Одлуката од УО број 02-4002/6-2 од 06.08.2015г.

Генерален директор на АД МЕПСО
М-р Синиша Спасов

До:
Кабинет на Генерален директор
Архива

Врз основа на член 17 од Деловникот за работа на Управниот Одбор и член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје („Сл.весник на РМ", бр.52/15 – пречистен текст), Управниот Одбор на Друштвото по точка 4 од дневниот ред „Разгледување и усвојување на План за јавни набавки (ПЈН) на АД МЕПСО за 2016 година, предложен од Подружниците, Секторите и Кабинетот на Генералниот директор, а доставен од Секторот за финансиски работи со допис, бр.05-361 од 20.01.2016 година", на 336-от состанок, одржан на ден 21.01.2016 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

1. СЕ УСВОЈУВА **План за јавни набавки (ПЈН) на АД МЕПСО за 2016 година**, предложен од Подружниците, Секторите и Кабинетот на Генералниот директор, а доставен од Секторот за финансиски работи со допис, бр.05-361 од 20.01.2016 година;

2. Усвоениот План за јавни набавки (ПЈН) на АД МЕПСО за 2016 година од точка 1 на оваа Одлука, да се достави на разгледување и одобрување до Надзорниот Одбор на Друштвото;

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**УО бр.02-391/4**
**21.01.2016 година**

**Претседател на Управен Одбор,**
**м-р Синиша Спасов**

Член на УО, Ацо Ристески

Член на УО, Ненад Јовановски

Член на УО, Кирил Ачкоски

Член на УО, Катерина Глигорова

Член на УО, Ненад Крстевски

Член на УО, Сашо Василевски

ДН
- Сектор за финансиски работи
- Оддел за комерцијални работи
- Служба за координација
- Шеф на Кабинет на Генерален директор
- Архива

Врз основа на член 18 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор, а во согласност со член 35 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје („Сл.весник на РМ", бр.52/15 – пречистен текст), Надзорниот одбор на Друштвото, на својот 76-ти состанок, одржан на ден 02.02.2016 година. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за одобрување на Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за период 2016 година

1. Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, ГО ОДОБРУВА **Планот за јавни набавки (ПЈН) на АД МЕПСО за 2016 година**, усвоен на 336-от состанок на Управниот одбор, со Одлука, УО бр.02-391/4 од 21.01.2016 година;

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**НО бр.02-651/4**
**02.02.2016 година**

**Надзорен одбор на АД МЕПСО Скопје:**
**Претседател,**
Саша Груевски

**Членови на Надзорен одбор,**

Мирко Тодоровски
Спиро Мавровски
Асан Јакупи
Ивана Николиќ
Игор Лазарев

Врз основа на член 17 од Деловникот за работа на Управниот Одбор и член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје („Сл.весник на РМ", бр.52/15 – пречистен текст), Управниот Одбор на Друштвото по точка 4 од дневниот ред „Разгледување на Дописот од ГТД БЕТОН ШТИП, заверен во архивата на АД МЕПСО на ден 10.08.2015 година, под бр.02-4132, доставен со допис, бр.03-4159 од 11.08.2015 година од Координаторот на Проектот - Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда – дирекција на АД МЕПСО Скопје и Член на Комисијата задолжена за следење на реализација на Договорот за Проектот", на 309-от состанок, одржан на 25.08.2015 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжува Секторот за финансиски работи во соработка со Координаторот на Проектот - Реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда – дирекција на АД МЕПСО Скопје, Претседателот на Комисијата задолжена за следење на реализација на Договорот за Проектот и Надзорот на градбата на Проектот, да ги преземат сите неопходни потребни дејствија согласно позитивната законска регулатива во Република Македонија за утврдување и отпочнување на соодветна законска постапка за непредвидени, дополнителни и вишоци на работи за реконструкција и адаптација на фасада и реконструкција на внатрешност на административна зграда – дирекција на АД МЕПСО Скопје согласно Договор број 02-6657/1 од 31.12.2013 година;

2. Заклучокот влегува во сила на 31.08.2015 година.

**УО бр.02-4459/4**
**25.08.2015 година**

**Претседател на Управен Одбор,**
**м-р Синиша Спасов**

Член на УО, Ацо Ристески

Член на УО, Ненад Јовановски

Член на УО, Кирил Ачкоски

Член на УО, Катерина Глигорова

Член на УО, Ненад Крстевски

Член на УО, Сашо Василевски

ДН
- Сектор за финансиски работи
- Координатор на Проект
- Претседател на Комисија
- Шеф на Кабинет на Ген.директор
- Архива

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 22.12.2017 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на АД МЕПСО, Скопје бр. 15–114/5 од 21.11.2017 година, од следниве лица:

- Синиша Спасов – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/10 од 20.12.2017 година;
- Ненад Јовановски – генерален директор и законски застапник на АД МЕПСО во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/12 од 22.12.2017 година
- Сашо Т. Василевски - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за финансиски работи во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/13 од 22.12.2017 година;
- Катерина Глигорова - член на Управниот одбор на Друштвото и директор за ИТ и ТК во периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-114/11 од 22.12.2017 година;

Согласно одредбите на член 30 став 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16), право на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор имаат законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија и лицето одговорно на субјектот во периодот за кој се врши ревизијата.
Две од доставените забелешки не се доставени од претходно наведените лица, но во насока на овозможување на правата и правните интереси на подносителот на забелешките кои не се на штета на јавниот интерес, како и заради обезбедување транспарентност на ревизијата, овластениот државен ревизор изврши нивно разгледување и по сите доставени забелешки се произнесе како што следува:

1. Забелешката за **точката 1.1.** доставена од одговорното лице Ненад Јовановски а се однесува на предметот на ревизијата **<u>преставува известување</u>** за одговорноста на директорот за финансиски работи на друштвото.

2. Забелешката за **точката 1.4.** доставена од одговорното лице Ненад Јовановски која се однесува на одговорност на раководството за финансиските извештаи во делот на периодот кога извршуваат одредени надлежности **<u>не се прифаќа</u>**. Во прилог на забелешките доставена е Одлука за отповикување на Член на

Управниот Одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје, заведена под број НО бр. 02-4156/3-1 од 05.08.2017 година, без притоа да се има во предвид кога истата е спроведена во надлежниот регистар. Имено ревизијата изврши увид во Решение под деловоден број 35020170020134 од кој може да се констатира дека промената на овластените лица е спроведена на ден 07.09.2017 година а со тоа и овластувањето на лицето Н.Ј. се избришани.

3. Забелешката за **точката 1.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов која се однесува на одговорност на раководството за финансиските извештаи во делот на периодот кога извршуваат одредени надлежности **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките одговорното лице не достави дополнителни докази со кои ќе се оспорат наведените податоци во точка 1.4 од Ревизорскиот извештај. Ревизијата постапи согласно одредбите на член 25 од Статутот на друштвото и Решение под деловоден број 35020160025540 од кој може да се констатира дека промената на овластените лица во надлежниот регистар е спроведена на ден 06.10.2016 година а со тоа и овластувањето на лицето С.С. се избришани. Во однос на известувањето за состојбите од други ревизии и лицата кои се инволвирани во изготвувањето на финансиските извештаи претставуваат сопствено видување на наведеното лице.

4. Забелешката за **точката 3.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов која се однесува на осврт на ревизијата на претходната година **претставува известување** од страна на одговорното лице дека ја прифаќа констатираната состојба во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

5. Забелешката за **точката 4.1.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби во делот Внатрешни контроли, **претставува известување** од страна на одговорното лице дека ги прифаќа дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и информирање за покренати иницијативи.

6. Забелешката за **точката 4.1.1.** доставена од лицето Катерина Глигорова која се однесува за делот Развој и безбедност на ИТ системот, за тоа дека повеќето наоди се однесуваат на ИТ систем како целина без да се земе предвид структурата и функцијата на Друштвото **не се прифаќа**, поради тоа што доставените податоци за организационата структура и функција на Друштвото се земени предвид при утврдувањето на состојбата во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Ревизијата истакнува дека ИТ системите на Друштвото се меѓусебно зависни и нивната безбедност и функционирање, како и достапноста на податоците потребно е да биде дефинирана за сите системи.

7. Забелешката за **точката 4.1.1.** во делот Развој и безбедност на ИТ системот, алинеја 2, доставена од лицето Катерина Глигорова, во која е утврдено дека не

постои политика за правење резервна копија на податоците од ИТ системите **<u>делумно се прифаќа,</u>** поради дополнително доставен план за резервна копија за БИС системот а состојбата соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

8. Забелешката за **точката 4.1.1.** во делот Развој и безбедност на ИТ системот, алинеја 5, доставена од лицето Катерина Глигорова, во која е утврдено дека не се пропишани и одобрени политики и процедури за пристап до ИТ ресурсите на Друштвото, **<u>делумно се прифаќа</u>**, поради дополнително доставени Политики и процедури за ИТ и ТК а состојбата соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

9. Забелешката за **точката 4.1.1.** во делот Користење на апликации за архивско работење и водење на трговските книги, алинеја 3, доставена од лицето Катерина Глигорова, во која е утврдена состојба на некористење на имплементиран и функционален документ менаџмент систем **<u>не претставува забелешка</u>**, туку известување дека утврдена состојба се однесува на известувачкиот период. Ревизијата напоменува дека целиот Нацрт извештај на овластениот државен ревизор се однесува на известувачкиот период. Во рамки на забелешката приложен е print screen од MS Outlook, што не влијае на промена на утврдената состојба во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

10. Забелешката за **точката 4.2.1.** доставена од одговорното лице Ненад Јовановски, во која е утврдена состојба на непотпишани Записници од одржани состаноци на Управниот одбор **<u>претставува известување</u>** за причините за утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

11. Забелешката за **точката 4.2.1.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која е утврдена состојба на непотпишани Записници од одржани состаноци на Управниот одбор **<u>не се прифаќа</u>** поради тоа што не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Одговорното лице ја потврдува утврдената состојба и известува за преземени активности во насока за надминување на истата.

12. Забелешката за **точката 4.2.2.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за предвидениот број на работни места во Актот за систематизација на работните места во АД МЕПСО, донесувањето на измени и дополнувања на истиот, како и распредување на вработените согласно направените измени во Актот **<u>претставува известување</u>** за причините за утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Во рамки на забелешката приложена е електронска порака, со која се потврдува утврдената состојба во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

13. Забелешката за **точката 4.2.3.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов во која се утврдени состојби за незапишано право на сопственост над градежните објекти и земјиштето со кое располага АД МЕПСО, **не преставува забелешка,** туку произнесување од страна на одговорното лице дека ги прифаќа дадените препораки и известување за причините за утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

14. Забелешката за **точката 4.2.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за работењето на службата за внатрешна ревизија, **не претставува забелешка**, туку произнесување од страна на одговорното лице дека ги прифаќа утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и известување за причините за истите.

15. Забелешката за **точката 4.3.1.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за спроведениот попис на средства, обврски и побарувања за 2016 година, **не претставува забелешка,** туку произнесување од страна на одговорното лице дека во целост ја прифаќа дадената препорака во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

16. Забелешката за **точката 4.3.1.** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која се утврдени состојби за спроведениот попис на средства, обврски и побарувања за 2016 година, **не преставува забелешка,** туку известување за преземени активности во насока на надминување на состојбите при спроведувањето на пописот за 2017 година;

17. Забелешката за **точката 4.3.2.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за набавка на дополнителен административен простор во кој е сместена дирекцијата на Друштвото, **не се прифаќа**, поради тоа што претставува субјективно видување за одредбите од член 67 од Законот за трговските друштва кое не кореспондира со ревизорските констатации и не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

18. Забелешката за **точката 4.3.3.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за набавка, имплементација и користење на софтверските апликации, **претставува известување** за преземени активности од страна на Управниот одбор кои се веќе презентирани и земени предвид при изготвувањето на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

19. Забелешката за **точката 4.3.3. алинеја 1** доставена од лицето Катерина Глигорова, во која е утврдено некористење на деловниот информациски систем БИС, **не се прифаќа,** поради тоа што не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Имено лицето известува за преземени активности за усогласување на податоците од стариот и новиот

систем во 2015 година и планирана набавка за техничка поддршка за користење на БИС за 2016 година, кои се земени предвид при утврдувањето на состојбата во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

20. Забелешката на алинеја 1 за дадената препорака за **точката 4.3.3.,** доставена од лицето Катерина Глигорова, која се однесува на замена на зборовите “практична имплементација“ со зборот “користење“, **се прифаќа** и дадената препорака ќе биде соодветно прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор;

21. Забелешката на алинеја 3 за дадената препорака за **точката 4.3.3.,** доставена од лицето Катерина Глигорова, која се однесува на утврдување на евентуалната одговорност на инволвираните лица во насока на допрецизирање дека истата се однесува на некористење на системот во известувачкиот период, **не се прифаќа.** Приложените документи во прилог на забелешката не предизвикаа промена во утврдената состојба и дадената препорака.

22. Забелешката за **точката 4.3.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за евидентирање и ставање во употреба на материјалните средства во подготовка, **не претставува забелешка,** туку произнесување од страна на одговорното лице дека ги прифаќа утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и известување за причините за истите.

23. Забелешката за **точката 4.3.4. алинеја 2** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е утврдено дека за дел од евидентираните материјални средства во подготовка не е обезбедена комплетна и авторизирана документација, точни и прецизни податоци за износот на поединечните позиции од кои е составена инвестицијата, ниту одобрение за нејзино ставање во употреба, **не се прифаќа**, поради тоа што не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Имено лицето известува за причините кои довеле до состојбите и дава субјективно видување за истите, што не кореспондира со прибавените докази врз основа на кои се утврдени состојбите во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

24. Забелешката за **точката 4.3.4. алинеја 3** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е утврдено дека нема целосни податоци за евидентираните инвестиции во тек за кои проекти се однесуваат и од кој период се, **не се прифаќа**, поради тоа што не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Имено лицето известува за воспоставената сметководствена евиденција на материјалните средства во подготовка и дава субјективно видување за истата, што не кореспондира со прибавените докази врз основа на кои се утврдени состојбите во Нацрт извештајот на овластениот

државен ревизор.

25. Забелешката за **точката 4.4.1.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, која се однесува на утврдените состојби за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки во 2016 година, **претставува известување** од одговорното лице за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Друштвото.

26. Забелешката за **точката 4.4.1. алинеја 1,** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е утврдено дека огласот во Службено Гласило на ЕУ е објавен подоцна од огласот во ЕСЈН, **не се прифаќа,** поради тоа што не се презентирани дополнителни податоци и докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Имено лицето известува за причините за утврдените состојби и за начинот на постапување со огласите за јавни набавки.

27. Забелешката з**а точката 4.4.1. алинеја 2,** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е утврдено дека во дел од тендерските документации од спроведените постапки за јавни набавки, наведени се критериуми за докажување на економска и финансиска и техничка и професионална способност кои не се предвидени со Законот за јавни набавки, **не се прифаќа.** Лицето дава свое видување на одредбите од член 150 и член 153 став 2 од Законот за јавни набавки и известува за причините поради кои е извршено допрецизирање на условите за учество во постапките за јавни набавки, што е земено предвид при утврдувањето на состојбата во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

28. Забелешката за **точката 4.4.2.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби за доделен договор за јавна набавка за осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО, **претставува известување** од одговорното лице дека не е запознаен со начинот на потпишување на наведениот договор за јавна набавка и дава свое видување за правниот основ за потпишување на договорот од страна на лице за кое не е презентирано соодветно овластување.

29. Забелешката за **точката 4.4.2.** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која се утврдени состојби за доделен договор за јавна набавка за осигурување на имот и вработени во АД МЕПСО, **не се прифаќа**. Лицето дава свое видување за повреда на одредбите од член 2 и член 165 од Законот за јавни набавки и известува за причините поради кои договорот за јавна набавка не е доделен во висина на постигнатата вредност, што е земено предвид при утврдувањето на состојбата во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. При тоа лицето известува за основ за склучување на договорот кој не кореспондира со критериумот за доделување на договорот за јавна набавка утврден во тендерската документација.

30. Забелешката за **точката 4.4.3. алинеја 1**, доставена од одговорното лице Ненад Јовановски, во која е утврдено дека правилата и критериумите според кои е извршена набавката на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем за 2016 година не се доставени на одобрување до РКЕ најмалку два месеци пред отпочнување на постапката, **<u>не се прифаќа.</u>** Лицето дава свое видување за запазување на одредбите од член 67 став 1 од Пазарните правила и известува за причините кои довеле до утврдената состојба. При тоа не се презентирани докази кои би влијаеле на промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, односно кон забелешката приложени се акти кои потврдуваат дека РКЕ одобрила набавката да се врши по претходно одобрени правила, но истото се однесува на набавката која е спроведена во 2015 година, а не и на набавката спроведена во годината предмет на ревизија.

31. Забелешката за **точката 4.4.3. алинеја 3**, доставена од одговорното лице Ненад Јовановски, во која е утврдено дека на ревизијата не е доставена на увид понудата од еден од понудувачите по Јавен повик за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во Република Македонија во 2016 година, **<u>не се прифаќа.</u>** Лицето известува за причините кои довеле до губење на понудата и дава свое видување дека елиминирањето на наведениот понудувач не влијаело на финалното рангирање. При тоа не се презентирани докази кои би влијаеле на промена на утврдената состојба во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

32. Забелешката за **точката 4.4.3.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која се утврдени состојби поврзани со начинот на спроведување на јавен повик за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем за 2016 година, **<u>не преставува забелешка,</u>** туку произнесување од страна на одговорното лице дека се согласува со утврдените состојби и дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

33. Забелешката за **точката 4.4.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, за делот Договор за заем со EBRD бр. 44114, во која се утврдени состојби за ненавремено отпочнување со реализација на предвидените активности со проектот **<u>преставува известување</u>** за причините и постапката за склучување на договорот за заем и свое видување за ефектите од истиот. Воедно ги потврдува утврдените состојби во делот на ненавремена реализација на проектот и известува за преземените активности од негова страна.

34. Забелешката за **точката 4.4.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, за делот Договор за заем со EBRD бр. 46274, во која се утврдени состојби за неповлечени средства и ненавремено отпочнување со реализација на предвидените активности со проектот **<u>преставува известување</u>** за причините и

постапката за склучување на договорот за заем и договорот за грант и свое видување за ефектите од истите.

35. Забелешката за **точката 4.4.5. алинеја 1**, доставена од одговорното лице Синиша Спасов, во која е констатирано дека е исплатен регрес за годишен одмор за 2016 година во износ кој не е во согласност со Законот за исплата на платите во Република Македонија, **не претставува забелешка.** Одговорното лице ја потврдува утврдената состојба и известува за причините кои раководството на Друштвото го „довеле во заблуда" да врши исплата на регрес за годишен одмор согласно Колективниот договор на Друштвото кој е усогласен со Колективниот договор за енергетика, односно во висина од најмалку 80% а најмногу 100% од просечната нето плата по работник во Република Македонија во последните три месеци.

36. Забелешката за **точката 4.4.5. алинеја 1**, доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е констатирано дека е исплатен регрес за годишен одмор за 2016 година во износ кој не е во согласност со Законот за исплата на платите во Република Македонија, **не се прифаќа.** Лицето известува дека исплата на регресот за годишен одмор е извршена согласно Колективниот договор на Друштвото и дава свое видување за оправданоста на утврдената висина на регресот за годишен одмор повикувајќи се на одредбите од член 12 точка 3 од Законот за работните односи. Ревизијата истакнува дека правото за регрес за годишен одмор е уредено во член 9 од Закон за исплата на платите во Република Македонија.

37. Забелешката за **точката 4.4.5. алинеја 2**, доставена од лицето Сашо Т. Василевски, во која е констатирано дека е исплатена отпремнина при заминување во пензија во износ кој не е во согласност со Законот за исплата на платите во Република Македонија, **не се прифаќа.** Лицето известува дека исплата на отпремнината при заминување во пензија е извршена согласно Колективниот договор на Друштвото и дава свое видување за оправданоста на утврдената висина на отпремнината повикувајќи се на одредбите од член 113 точка 2 од Законот за работните односи. Ревизијата истакнува дека правото за отпремнина при заминување во пензија е уредено во член 9 од Закон за исплата на платите во Република Македонија.

38. Забелешката за **точката 4.4.6.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, која се однесува на начинот на користење на репрезентација за угостителски услуги **не претставува забелешка**, туку произнесување дека ја прифаќа дадената препорака во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

39. Забелешката за **точката 4.4.6.** доставена од лицето Сашо Т. Василевски, која се однесува на начинот на користење на репрезентација за угостителски услуги **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои би се оспорила утврдената состојба и имајќи ја во предвид висината на

средствата за репрезентација не може да се прифати барањето утврдената состојба да се помести во писмо до менаџерите ниту пак истото по методолошките акти на ДЗР во ова фаза од известување е остварливо.

40. Забелешката за **точката 4.4.7.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, која се однесува на утврдени состојби при доделување на договори за изработка на идејно решение и ревидиран основен проект, договор за работи за изведба и договор за надзор на реконструкција на фасада-Дирекција АД МЕПСО, како и за следењето на реализацијата на истите **не претставува забелешка.** Одговорното лице ги потврдува утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и известува за преземените активности и причините кои довеле до истите.

41. Забелешката за **точката 5.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов, која се однесува на даденото ревизорско мислење **не се прифаќа**. Даденото мислење се темели врз основа на утврдените состојби и методолошките акти на државниот завод за ревизија.

42. Забелешката за **точката 6.1.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, која се однесува на тоа дека дел од средствата за работа на синдикатот, обезбедени од страна на Друштвото, се потрошени за непродуктивни расходи, **не претставува забелешка**, туку известување за преземените активности и произнесување дека ја прифаќа дадената препорака во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

43. Забелешката за **точката 6.3.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, која се однесува на воспоставена пракса за преотстапување на градежни објекти како донација **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба од страна на овластениот државен ревизор.

44. Забелешката за **точката 6.4.** доставена од одговорното лице Синиша Спасов во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, која се однесува на преземени активности за поднесени тужбени барања **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба од страна на овластениот државен ревизор и истите преставуваат произнесување на одговорното лице за потребата Владата на Република Македонија да преземе активности за порамнување на меѓусебните побарувања помеѓу друштвата во кои истата е единствен акционер.